1830
Službeni vesnik SR
Makedonija
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 25 јули 1986
БЕЛГРАД
БРОЈ 43 ГОД. XLII

Цена на овој број е 440 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1986 година изнесува 5.100 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

631.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО СТРАНСКИ КРЕДИТИ

Се прогласува Законот за покритие на курсните разлики по странски кредити што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 599
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Вранделчиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО СТРАНСКИ КРЕДИТИ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се пропишуваат условите и начинот за делумно покритие на курсните разлики по странски кредити на определени организации на здружен труд (во натамошниот текст: организации), по извршените обврски спрема странство за отплати и камати по тие кредити од 1 јануари 1986 година и се обезбедуваат потребните средства.

Член 2

Под странски кредити од член 1 на овој закон се подразбираат:

1) странските кредити во конвербитилни девизи на определени организации што се конвертирани во динари преку Народната банка на Југославија или банките овластени за работи со странство до 1 јануари 1984 година, како и странските финансиски кредити што се користат за рефинансирање на отплатите по тие кредити, чија динарска противвредност е употребена за инвестициони вложувања;

2) странските стоковни кредити на определени организации добиени од земјите со кои е договорен клириншки начин на плаќање ако увезените стоки се реекспортирани со наплата во конвертибилни девизи, ако девизите ѝ се продадени на Народната банка на Југославија или на банките овластени за работи со странство до 1 јануари 1984 година, а динарската противвредност е употребена за инвестициони вложувања;

3) странските стоковни кредити од конвербитилното и клириншкото валутно подрачје за производство на вештачки ѓубрива, производство на бакар и црна металургија и странските кредити за увоз на суровини и репроматеријали за производство на вештачки ѓубрива искористени до 1 јануари 1986 година.

Член 3

Под курсни разлики за кредитите од член 2 на овој закон што делумно ќе се покриваат се подразбираат курсните разлики што настанале од денот на конверзијата до денот на намирувањето на обврската спрема странство.

Утврдените курсни разлики се намалуваат за пресметаните динарски камати на конвертираната вредност, и тоа во височина што е содржана во отплатите и каматите во текуштата година.

Под пресметана динарска камата, во смисла на овој закон, се подразбира најголемата банкарска камата на инвестиционите кредити во годината на конверзијата односно на увозот на стоките. Оваа каматна стапка до и во 1981 година изнесува 12%; во 1982 година 21%; во 1983 година 48%; во 1984 година 57% и во 1985 година 75%.

Под ден на конверзијата се подразбира денот кога кредитот или неговиот дел ѝ е продаден на Народната банка на Југославија односно на банките овластени за работи со странство, а кај стоковните кредити – денот кога е извршен увозот на стоките.

Член 4

Заради утврдување на височината на курсните разлики чие покритие, според одредбите на овој закон, се предвидува во една година, како и заради определување на височината на средствата што се обезбедуваат во таа година, се составува претсметка на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити (во натамошниот текст: претсметка).

Претсметката ја донесува Собранието на СФРЈ, на предлог од Сојузниот извршен совет, кон крајот на секоја година за наредната година.

II. ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ

Член 5

Покритие на курсните разлики по кредитите од член 2 на овој закон се врши делумно за отплатите и каматите намирени спрема странство во текуштата година, зависно од степенот на оптовареноста на средствата за репродукција со курсните разлики утврдени според член 3 од овој закон по тие кредити, за организациите од следните гранки и групации:

1) производство на обоени метали (109);
2) водостопанство (400);
3) изградба на патна мрежа;
4) производство на базни хемиски производи (1181 и 1182);
5) производство на руди на обоени метали (108);
6) црна металургија (10711, 10712 и 10713);
7) изградба на железничка мрежа;
8) производство и пренос на електрична енергија (10101, 10102, 10103 и 10104);
9) цевководен транспорт (607);
10) производство на јаглен (102);

11) примарно земјоделско производство (2011, 2013 и 2014).

Под организации, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат и самоуправните интересовни заедници од материјалното производство кои се корисници на странски кредити конвертирани во динари, ако динарската противвредност ја употребиле за инвестициони вложувања во гранките и групациите од став 1 на овој член.

Член 6

Организациите од гранките и групациите од член 5 на овој закон имаат право на делумно покритие на курсните разлики според степенот на оптовареност на средствата за репродукција со курсните разлики, во следните проценти:

Степен на оптовареност на средствата за репродукција со курсните разлики	Процент на покритието на курсните разлики
од 10 - 20%	10%
од 20 - 30%	20%
од 30 - 40%	25%
од 40 - 50%	30%
од 50 - 60%	35%
од 60 - 70%	40%
од 70 - 80%	45%
од 80 - 90%	50%
од 90 - 100%	55%
од 100 - 120%	60%
од 120 - 140%	65%
од 140 - 160%	70%
над 160%	75%

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и на други организации од стопански недоволно развиените републики и од Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се корисници на кредитите од член 2 на овој закон.

Степенот на оптовареност на средствата за репродукција од став 1 на овој член за секоја организација се пресметува во текуштата година со утврдување на односот на височината на курсните разлики од член 3 на овој закон содржани во отплатите и каматите на кредитите од член 2 на овој закон спрема средствата за репродукција од претходната година.

Под средства за репродукција, во смисла на овој закон, се подразбираат средствата на пресметаната амортизација, намалени за делот што е употребен за покритие на загубите и чистиот доход по одбивањето на бруто личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка.

Степенот на оптовареност на средствата за репродукција од став 1 на овој член за самоуправните интересовни заедници од материјалното производство се пресметува во текуштата година со утврдување на односот на височината на курсните разлики од член 3 на овој закон содржани во отплатите и каматите на кредитите од член 2 на овој закон спрема сопствените и здружените средства за инвестиции од претходната година.

Се смета дека степенот на оптовареност на средствата за репродукција од став 1 на овој член за организациите во основање е поголем од 160% додека тие организации не започнат со редовното работење.

Ако организацијата има според завршната сметка од претходната година загуба поради ненадоместени трошоци на работењето, се смета дека степенот на оптовареност на средствата за репродукција од став 1 на овој член е поголем од 160% во годината за која се донесува завршната сметка.

Член 7

По исклучок од одредбите на чл. 3 и 6 од овој закон, на организациите што ја користеле динарската противвредност на странските кредити од член 2 на овој закон за отстранување на последиците од земјотрес ќе им се покријат сите курсни разлики по отплатите и каматите на тие кредити намирени спрема странство во текуштата година.

По исклучок од одредбите на член 6 од овој закон, на организациите од територијата на СР Црна Гора, СР Македонија и САП Косово што ја користеле динарската противвредност на странските кредити од член 2 на овој закон, и тоа:

1. ЖТРО Приштина - за изградба на железничка мрежа;
2. ХС „Радоњиќ" - за водостопанство;
3. ХС „Батлава" - за водостопанство;
4. СИЗ за магистрални и регионални патишта на Косово - за изградба на патна мрежа;
5. Агрокомбинат „13 јули" - за мелиорација на Ќемовско Поле;
6. РСИЗ за патишта - за изградба на патна мрежа во СР Црна Гора;
7. ХМС „Стрежево" - Битола за изградба на хидромелиорационен систем;
8. РСИЗ за патиштата Скопје - за изградба на патна мрежа, ќе им се покријат сите курсни разлики утврдени според член 3 од овој закон по отплатите и каматите на тие кредити намирени спрема странство во текуштата година.

Член 8

Делот од курсните разлики по отплатите и каматите на конвертираните странски кредити, како и на стоковните кредити, што се покрива врз товар на претсметката, организацијата го внесува во деловниот фонд, а самоуправните интересовни заедници од материјалното производство - во приходите.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, организацијата која според завршната сметка за 1985 година и според завршната сметка во наредните години ќе искаже непокриена загуба во работењето, вклучувајќи ја и непокриената загуба од поранешните години, средствата остварени по основ на правото на покритие на дел од курсните разлики по каматите може да ги употреби за покритие на загубите во работењето.

Член 9

Организациите - корисници на кредитите од чл. 6 и 7 на овој закон немаат право на покритие на курсните разлики во следните случаи:

1) ако над организацијата е спроведена постапка за ликвидација или стечај или ако таа постапка е во тек;

2) ако организацијата според други сојузни прописи добила средства за покритие на курсните разлики, до височината што се покрива со тие прописи;

3) ако организацијата не се придржува кон самоуправно договорените и утврдени односи во распоредувањето на чистиот доход за лични доходи и за заедничка потрошувачка, како и за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот и за создавање и обновување на резервите, додека не го оствари договорениот однос.

III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ И ИСПЛАТА НА СРЕДСТВАТА

Член 10

Средствата за покритие на курсните разлики кое се врши од средствата утврдени во Претсметката ќе се обезбедат од следните извори:

1) придонесот на републиките и на автономните покраини;

2) средствата на буџетот на федерацијата;

3) дел од царината и од другите увозни давачки;

4) дел од таксата на сите плаќања спрема странство;

5) посебната такса на увезени определени стоки;

6) дел од примарната емисија;

7) дел од приходите на Народната банка на Југославија;

8) други приходи утврдени со сојузен закон.

Актите со кои се обезбедуваат средствата од став 1 точ. 4 и 5 на овој член ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на донесувањето на претсметката за текуштата година.

Член 11

Придонесот на републиките и на автономните покраини во претсметката се утврдува со годишни одлуки за

претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити.

Придонесот на одделните републики и автономни покраини од став 1 на овој член се утврдува и се плаќа во иста сразмера, под исти услови и на ист начин како и придонесот на републиките и на автономните покраини во буџетот на федерацијата за годината за која се донесува претсметката.

Член 12

Дел од царината и од други увозни давачки во височина од 5% од остварените приходи на федерацијата по тој основ се издвојува и се уплатува на сметка на претсметката пред внесувањето во буџетот на федерацијата.

Член 13

Височината на средствата од одделни извори од член 10 на овој закон се утврдува со претсметката за секоја година.

Член 14

Стручните, административните и други работи во врска со изработката и спроведувањето на претсметката ги врши Народната банка на Југославија.

Член 15

Организациите што имаат право на покритие на курсните разлики според одредбите на овој закон ѝ поднесуваат документација на Народната банка на Југославија од која може да се утврди постоењето на правото на покритие на курсните разлики и височината на износот на курсните разлики што се покриваат.

Народната банка на Југославија ја утврдува документацијата од став 1 на овој член.

Член 16

Исплата на средствата по основ на правото на покритие на курсните разлики по отплатите и каматите на странските кредити од чл. 6 и 7 на овој закон ќе се изврши по поднесувањето на документацијата од член 15 на овој закон, според динамиката на обезбедувањето на средствата и според редоследот на извршените плаќања спрема странство, најдоцна до 31 јануари наредната година.

Во случај на ист редослед на извршените плаќања спрема странство, приоритет во исплатата на средствата по основ на правото на покритие на курсните разлики имаат организациите на здружен труд од стопански недоволно развиените социјалистички републики и од САП Косово.

Член 17

Народната банка на Југославија е должна да изврши проверка на исправноста на податоците од документацијата што ја поднесува организацијата според член 15 на овој закон.

Ако во постапката за дополнителна контрола на остварувањето на правото на покритие на курсните разлики според одредбите на овој закон се утврди дека организацијата незаконито или врз основа на погрешно дадени податоци ги наплатила курсните разлики, Службата на општественото книговодство наплатениот износ на курсните разлики, со пресметување на каматите во височина на есконтната стапка на Народната банка на Југославија, ќе го пренесе од жиро-сметката на организацијата во корист на претсметката.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

По исклучок од одредбата на став 1 на член 11 од овој закон, придонесот на републиките и на автономните покраини во претсметката за 1986 година се утврдува во височина од 29,3% од расходите предвидени со таа претсметка.

Член 19

Народната банка на Југославија ќе ја утврди документацијата од член 15 став 1 на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

На организациите што имале право на покритие на курсните разлики во 1985 година според одредбите на Законот за привремено уредување на покритието на курсните разлики кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/85), а кои не го остариле тоа право до влегувањето во сила на овој закон, ќе им се обезбеди покритие на курсните разлики од средствата на претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1986 година, што ќе се донесе 30 дена од влегувањето на овој закон во сила.

Член 21

На општествените правни лица што во 1986 и 1987 година ги намируваат своите обврски во смисла на член 9 став 7 од Законот за привремените мерки за намирување на определени девизни побарувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/85), ќе им се обезбеди од средствата на претсметката делумно покритие на курсните разлики содржани во платените обврски во височина од 50%.

Под курсни разлики од став 1 на овој член се подразбираат курсните разлики што настанале од денот на намирувањето на девизните обврски спрема странство до 31 декември 1985 година.

Општествените правни лица од став 1 на овој член поднесуваат барање за покритие на курсните разлики до Народната банка на Југославија, со докази за височината на курсните разлики и за извршените плаќања.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за привремено уредување на покритието на курсните разлики кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/85).

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

632.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за Царинската тарифа, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 600
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78, 29/83, 7/84 и 71/84) во член 2 зборовите: „врз основа на член 49 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76)" се заменуваат со зборовите: „согласно со сојузниот закон со кој се уредува царинскиот систем".

Член 2

Во член 4 став 3 уводната реченица се менува и гласи: „Одредбите на точка 3 став 1 од овој член не се применуваат врз следните производи:".

Член 3

Во член 7 став 1 зборовите во заграда: „(нумерички ознаки и наименување)" се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Под поимот "номенклатура", во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат наименувањата на тарифните броеви, на тарифните ставови, забелешките кон оддели и глави, основните правила за применување на Царинската тарифа и писмените и бројните ознаки на номенклатурата.".

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 4

Член 7ѓ се менува и гласи:

„Член 7ѓ

На опремата и резервните делови што се увезуваат во периодот од 1986 до 1990 година за изградба на објекти врз основа на самоуправна спогодба за здружување на труд и средства за развој на недоволно развиените републики, Социјалистичка Автономна Покраина Косово и неразвиените општини на СР Србија надвор од територијите на САП, што се утврдени со републичките прописи, а кои не се произведуваат во земјата се плаќа царина по стапка намалена за 50% од царинската стапка порпишана во Царинската тарифа, со тоа што така намалената царинска стапка не може да биде помала од 5%.

На опремата и резервните делови што се увезуваат во периодот од 1986 до 1990 година за изградба на клучни објекти во областа на енергетиката, обоените метали и земјоделството во САП Косово, а кои не се произведуваат во земјата, не се плаќа царина.

Увоз на опрема и резервни делови од став 1 на овој член организациите на здружен труд ќе вршат врз основа на потврда од Стопанската комора на Југославија дека предметната опрема и резервни делови не се произведуваат во земјата врз основа на самоуправна спогодба за изградба на објекти по основ на здружување на труд и средства за развој на недоволно развиените републики, Социјалистичка Автономна Покраина Косово и неразвиените општини на СР Србија надвор од САП.

Увоз на опрема и резервни делови од став 2 на овој член организациите на здружен труд ќе вршат врз основа на потврда од Стопанската комора на Југославија дека предметната опрема и резервни делови не се произведуваат во земјата и потврда од надлежниот републички орган дека се работи за изградба на клучни објекти во областа на енергетиката, обоените метали и земјоделството во САП Косово.".

Член 5

Зад член 7ѓ се додава нов член 7е кој гласи:

„Член 7е

Производите што привремено се увезуваат заради облагородување и вградување можат, по барање на подносителот на декларацијата, да се распоредат во тарифниот став на производот што се добива со тој процес на облагородување односно вградување".

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија при Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да го утврди пречистениот текст на овој закон.

Член 7

Одредбите на член 7ѓ од овој закон за увозот на опрема и резервни делови се применуваат од 1 јануари 1986 година.

Член 8

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Одлуката за намалување на царинската стапка на увозот на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/83).

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

633.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОБЛАСТА НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И ЗА СИСТЕМОТ НА МЕРКИТЕ СО КОИ СЕ СПРЕЧУВА НАРУШУВАЊЕТО НА ЕДИНСТВОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПАЗАР ВО ТАА ОБЛАСТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушувањето на единството на југословенскиот пазар во таа област што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година.

П бр. 613
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Вранделиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОБЛАСТА НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И ЗА СИСТЕМОТ НА МЕРКИТЕ СО КОИ СЕ СПРЕЧУВА НАРУШУВАЊЕТО НА ЕДИНСТВОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПАЗАР ВО ТАА ОБЛАСТ

Член 1

Во Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушувањето на единството на југословенскиот пазар во таа област („Службен лист на СФРЈ". бр. 43/76, 23/79, 54/81 и 20/84) во член 6б став 1 зборови-

те: „организациите на здружен труд кои се занимаваат со промет на стоки на големо" се бришат.

Член 2

Во член 9 ставот 2 се менува и гласи:

„Како неоправдано зголемување на бројот на посредниците во прометот на стоки, во смисла на овој закон, се смета вршењето на промет помеѓу производствената организација на здружен труд односно организација на здружен труд која се занимава со работи на увоз и крајниот потрошувач, со посредство на повеќе од една организација на здружен труд за промет на стоки на големо и една организација на здружен труд за промет на стоки на мало."

Член 3

По член 38 се додава нов член 38а, кој гласи:

„Член 38а

Кон паричната казна за стопански престап од член 37 на овој закон, за направено дело шпекулација во прометот на стоки од член 16 став 2 тичка 3 на овој закон, на одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице ќе му се изрече и заштитна мерка забрана на вршењето на раководната должност во стопанското и финансиското работење, што ја вршело во време на извршувањето на стопанскиот престап во траење од шест месеци до пет години."

Член 4

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1987 година.

634.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПУШТАЊЕ НА ЛЕКОВИ ВО ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за пуштање на лекови во промет, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година.

П бр. 614
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПУШТАЊЕ НА ЛЕКОВИ ВО ПРОМЕТ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Пуштањето во промет на лекови за употреба во медицината и ветерината и надзорот над пуштањето во промет на лековите како производи од посебно значење за здравјето на луѓето и животните се врши на начинот и под условите предвидени со овој закон.

Пуштањето во промет на помошни лековити средства, кои се сметаат, во смисла на овој закон, како лекови, се врши на начинот и под условите предвидени со овој закон.

Член 2

Лекови, во смисла на овој закон, се производи за кои по научен пат и според постапка пропишана со овој закон е утврдено дека со применување врз луѓе односно животни, во определени количества и на определен начин, можат да се употребуваат заради откривање, спречување, сузбивање и лекување на болести, односно заради постигање на други медицински оправдани цели.

Како лекови, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат:

1) готови лекови;

2) лековити супстанции со определен хемиски состав, мешавини на лековити супстанции (полупроизводи), како и лековити растенија и лековити супстанции од растително и животинско потекло што служат за приготвување на лекови;

3) производи што во аптеките се изработуваат од лековити супстанции и се издаваат врз основа на рецепт или без рецепт (во натамошниот текст: магистрални и галенски препарати);

4) крв, крвни деривати и други сродни производи (препарати што се употребуваат како замена за крв, раствори за регулирање на електролити, серуми и други производи добиени од крв).

Како готови лекови, во смисла на став 2 точ. 1), 2) и 4) од овој член, изземајќи ја крвта и директните деривати од крв, се сметаат: препарати со утврден квалитативен и квантитативен состав што се произведени по индустриски или лабораториски пат, а се пуштаат во промет во форма и пакување во кое ги ставил производителот; вакцини; препарати за дијагностика и терапија што содржат радиоактивни материи (радиофармацевтски препарати), диететски препарати со тераписка индикација; противотрови (антидоти); контрастни и други дијагностички средства што се внесуваат во човечки односно животински организам.

Член 3

Како помошни лековити средства, во смисла на овој закон, се сметаат производи и супстанции од растително, животинско, минерално и синтетичко потекло што го помагаат односно го овозможуваат дејството на лековите или на други тераписки постапки и средства со благо дејство што можат да бидат корисни кај определена состојба на болест или доба на живот.

Како помошни лековити средства, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат:

1) препарати во различни фармацевтски форми само за надворешна и перорална употреба што можат да бидат корисни за ублажување на определени состојби (средства за ублажување на различни тегоби, за регулирање на одделни физиолошки функции и слични намени и дејствувања);

2) чаеви и мешавини од чаеви што се подготвуваат од растителни дроги со благо дејство;

3) завоен материјал и средства за шиење рани и за спречување на крвавење (вата и производи од вата, газа и производи од газа, завои, лепливи - адхезивни фластери, хируршки конец, кетгут и други средства за шиење рани и за спречување на крвавење);

4) стоматолошки материјал што непосредно доаѓа во допир со ткивото на усната шуплина (материјал за пополнување и стоматолошка протетика);

5) производи што по хируршки пат се вградуваат во организмот (вештачки зглобови, срцеви залистоци, електронски стимулатори, медицирани и немедицирани интраутерни влошки и други механички средства за заштита од несакана бременост и сл.);

6) дијагностички средства што не се внесуваат во организмот, а служат за поставување на дијагноза (тест-серуми, дискови за антибиограми, тест-ленти, плочки и сл.);

7) медицински прибор за еднократна употреба (игли, шприцеви, прибор за трансфузија, инфузија и дијализа, катетери, сонди, контактна амбалажа и сл.);

8) други производи и супстанции што во смисла на став 1 од овој член, ќе ги определи надлежниот сојузен орган на управата.

Член 4

Под надлежен сојузен орган на управата, во смисла на овој закон, се подразбира сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството – за лековите што се употребуваат во медицината, и сојузниот орган на управата надлежен за работи на ветеринарството – за лековите што се употребуваат во ветерината.

Член 5

Организациите на здружен труд што произведуваат, увезуваат или пуштаат во промет лекови, односно помошни лековити средства или кои се занимаваат со испитување на лекови и на помошни лековити средства мораат, покрај општите услови предвидени со прописите за соодветните организации на здружен труд, да исполнуваат и посебни услови определени со овој закон односно со пропис донесен врз основа на овој закон.

Работните луѓе што произведуваат или пуштаат во промет помошни лековити средства самостојно вршејќи дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните мораат, покрај општите услови предвидени со прописите за соодветната дејност, да ги исполнуваат и посебните услови определени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 6

Лековите што се употребуваат во медицината односно во ветерината можат да се пуштаат во промет под услов:

1) претходно да е извршено испитување на нивниот состав, нештетноста и дејството, на начинот определен со овој закон;

2) да е прибавено одобрение за пуштање во промет на готови лекови во постапката предвидена со овој закон;

3) да е извршена контрола на секоја серија лек пред пуштањето во промет.

Одредбите на став 1 од овој член се однесуваат и на помошните лековити средства.

Член 7

Секој лек односно помошно лековито средство што се пушта во промет мораат да бидат означени според одредбите на овој закон.

Член 8

Забрането е пуштањето во промет производи на кои им се припишува лековито дејство, а кои не се сметаат за лекови во смисла на овој закон.

Забрането е пуштање во промет лек односно помошно лековито средство ако им истекол рокот на траење означен на декларацијата или ако е утврдена неисправност на нивниот пропишан квалитет.

Член 9

Лековите и помошните лековити средства што според одредбите на овој закон се пуштаат во промет во Социјалистичка Федеративна Република Југославија подлежат на задолжителна контрола во поглед на пропишаниот квалитет во производството и во прометот.

Член 10

Организациите на здружен труд, други организации и заедници односно државни органи што на кој и да било начин доаѓаат во посед на лекови наменети за промет (транспорт, пошта, царина и др.), мораат да обезбедат сместување и чување на лековите за да не дојде до промена на пропишаниот квалитет и до злоупотреба.

II. УСЛОВИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ ЛЕКОВИ И ПОМОШНИ ЛЕКОВИТИ СРЕДСТВА

1. Услови што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд

Член 11

Организациите на здружен труд што пуштаат во промет лекови на големо мораат да ги исполнуваат следните посебни услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка под чиј надзор се врши производство, изработка, контрола, сместување, чување и издавање на лекови (дипломирани фармацевти, хемичари, технолози, лекари, ветеринари и др.);

2) да имаат работник со висока стручна подготовка и со соодветна специјализација за испитување на лекови по чие одобрение одделни серии лекови можат да се пуштаат во промет;

3) да имаат соодветни уреди и опрема за производство, испитување и контрола на лекови и простории за производство, сместување и издавање на лекови.

Член 12

Организациите на здружен труд што изработуваат и пуштаат во промет магистрални и галенски препарати (аптеки и други организации на здружен труд што имаат организирана аптекарска служба) мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка (дипломирани фармацевти), под чиј надзор се врши изработка, сместување, чување и испитување на лековити супстанции и издавање на лекови;

2) да имаат соодветна опрема, уреди и простории за изработка, контрола, сместување и издавање на лекови.

Член 13

Организациите на здружен труд што вршат лабораториско испитување на лекови и на помошни лековити средства заради нивно пуштање во промет мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка и со соодветна специјализација за испитување на лекови;

2) да имаат соодветни простории, уреди и опрема за хемиски, физички, биолошки односно токсиколошко-фармакодинамски испитувања на лекови.

Член 14

Организациите на здружен труд што вршат клинички испитувања на лекови заради нивно пуштање во промет, мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат работници со висока стручна подготовка и со специјализација по клиничка фармакологија, ветеринарска фармакологија или по соодветна гранка на медицината односно ветерината и најмалку со петгодишно искуство во работа врз клиничко испитување;

2) да имаат лабораторија за биохемиски и други соодветни испитувања.

Член 15

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството ги определува поблиските услови од чл. 11, 13, и 14 на овој закон што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд што пуштаат лекови во промет односно што вршат испитување и контрола на лековите што се употребуваат во медицината.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на ветеринарството ги определува поблиските услови од чл. 11, 13, 14 на овој закон што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд што пуштаат лекови во промет односно што вршат испитување и контрола на лековите што се употребуваат во ветерината.

Член 16

Организациите на здружен труд што пуштаат лекови и помошни лековити средства во промет и организациите на здружен труд што се занимаваат со испитување и контрола на лекови и на помошни лековити средства заради пуштање во промет, се должни при запишувањето во регистарот кај надлежниот суд да поднесат докази за тоа дека ги исполнуваат условите од чл. 11 до 15 на овој закон и од прописите донесени врз основа на овој закон.

Условите од чл. 11 до 15 на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги утврдува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

2. Испитување на лекови и на помошни лековити средства

Член 17

Пред пуштањето во промет секој лек и помошно лековито средство мораат да бидат испитани.

Со лабораториско испитување на лекот или на помошното лековито средство се утврдуваат пропишаниот квалитет, чистота, стабилноста, стерилноста и другите хемиски и физички односно биолошки својства што можат да бидат од значење за оцена на квалитетот.

Со фармаколошко-токсиколошкото испитување на лекот се утврдуваат фармакодинамските, фармакокинетските и токсиколошките својства што се утврдени на лабораториски животни.

Со клиничко испитување на лекот, што се врши по извршеното лабораториско испитување, се утврдуваат нештетноста и делотворноста на лекот за човечкиот организам односно за животинскиот организам.

Член 18

Лабораториско испитување на лековите и на помошните лековити средства односно клиничко испитување на лекот може да се врши во организациите на здружен труд што ги исполнуваат условите од чл. 13 до 15 на овој закон и кои за такво испитување имаат согласност од надлежниот републички односно покраински орган.

Член 19

Лабораториското испитување се врши според методите на Југословенската фармакопеја и посебните методи за испитување пропишани врз основа на овој закон.

Фармаколошко-токсиколошко испитување на лек се врши во согласност со барањата на современата фармакологија и токсикологија.

Клиничко испитување на лек се врши во согласност со барањата на современата клиничка фармакологија и со посебни методи пропишани врз основа на овој закон.

Член 20

Југословенската фармакопеја ја донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството, на предлог од посебна комисија што за таа цел ја формира од редот на стручњаците на предлог од надлежните републички и покраински органи.

Прописи за испитување на лековите од член 2 на овој закон што се употребуваат во ветерината донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на ветеринарството.

Решението за утврдување на Југословенската фармакопеја се објавува во „Службен лист на СФРЈ", а Југословенската фармакопеја ја издава Сојузниот завод за здравствена заштита.

Член 21

Лабораториско, фармаколошко-токсиколошко и клиничко испитување на лек заради пуштање во промет се врши на предлог од организацијата на здружен труд која има намера лекот да го пушти во промет, или од друга заинтересирана организација, орган, заедница или поединци.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството односно сојузниот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството може да организира лабораториско, фармаколошко-токсиколошко или клиничко испитување на лек ако е тоа од општо општествено значење, а особено ако не е поднесен предлог во смисла на став 1 од овој член.

Пред почетокот на лабораториското, фармаколошко-токсиколошкото односно клиничкото испитување на секој лек, организацијата на здружен труд до која е доставен предлогот донесува план за испитување и ги определува лицата под чиј надзор ќе се врши испитувањето.

Трошоците на лабораториското, фармаколошко-токсиколошкото и клиничкото испитување на лекот ги поднесува предлагачот, а во случајот од став 2 на овој член – надлежниот сојузен орган на управата.

Член 22

Организацијата на здружен труд, друга заинтересирана организација, орган, заедница или поединец на чиј предлог се врши лабораториско, фармаколошко-токсиколошко и клиничко испитување на лек заради пуштање во промет, за поднесениот предлог ги известува надлежниот сојузен орган на управата и органот определен со републички односно со покраински пропис. Предлогот за испитување на лекот содржи податоци за видот и намената на лекот, видот на испитувањето и називот и адресата на организациите на здружен труд што ќе го вршат испитувањето на лекот.

Известувањето со податоците од став 1 на овој член се доставува пред почетокот на лабораториското, фармаколошко-токсиколошкото односно клиничкото испитување на секој лек.

Член 23

Организацијата на здружен труд што лабораториски го испитувала лекот или помошното лековито средство дава наод за извршеното испитување кој, покрај описот на методите за испитување, ги содржи следните податоци:

1) резултати од квалитативниот состав на лекот и на помошното лековито средство;

2) резултати од квантитативниот наод на активните состојки;

3) резултати од испитувањето на стерилноста и апирогеноста на лекот односно на помошното лековито средство, ако е потребно;

4) резултати од фармаколошко-токсиколошкото испитување на лекот;

5) резултати од испитувањето на технолошката изработка на фармацевтската форма на лекот и на помошното лековито средство и мислење за погодноста на начинот на опремата;

6) Рок на траење на лекот односно на помошното лековито средство.

По извршеното лабораториско испитување на лекот, односно на помошното лековито средство, стручната комисија на организацијата на здружен труд што го вршела испитувањето ги оценува резултатите од испитувањето и дава мислење за квалитетот, кое се внесува во наодот од став 1 на овој член.

Член 24

Организациите на здружен труд што вршат лабораториски испитувања на лекови или на помошни лековити средства заради нивно пуштање во промет, мораат да чуваат најмалку по две мостри од секој лек односно помошно лековито средство што го испитуваат заради дополнителна контрола и утврдување на рокот на траењето.

Мострите од став 1 на овој член се чуваат најмалку пет години, а мострите со кои е определен рокот на траење – до истекот на рокот на траење.

Член 25

Клиничкото испитување на лек може да се врши само по завршено лабораториско испитување на лекот и по прибавено фармаколошко и токсиколошко мислење за лекот чие испитување се бара, ако наодите и мислењата се позитивни.

Покрај условите од став 1 на овој член клиничко испитување на лек од странско производство може да се врши ако е прибавен доказ од органот надлежен за лекови во земјата на производителот дека лекот се наоѓа во промет во таа земја.

Член 26

Лек што содржи една или повеќе новооткриени супстанции за кои не постојат докази дека се применети врз човечки односно животински организам, клинички може да се испитува само врз основа на согласност што, на предлог од комисијата за лекови (член 30), ја дава надлежниот сојузен орган на управата.

Согласноста од став 1 на овој член може да се даде ако комисијата за лекови утврдила:

1) дека лабораториските и други претклинички испитувања се во согласност со современите сознанија во областа на испитувањето на лекови;

2) дека е приложена сета потребна документација за лекот во поглед на неговиот состав и во поглед на описот на неговите физички, хемиски, биолошки и други особини;

3) дека стручната комисија на организацијата на здружен труд што ќе врши клинички испитувања на лекот донела план за испитување;

4) дека испитувањето на лекот е корисно за земјата од гледиште на патологијата и ефикасноста на постојниот асортиман на лекови.

За дадената согласност за клиничко испитување на лекот од став 1 на овој член, надлежниот сојузен орган на управата ги известува надлежните органи во републиката односно во автономната покраина.

Пред испитувањето на лекот за употреба во медицината, во смисла на став 1 од овој член, организацијата на здружен труд на која ѝ е дадена согласност да врши клиничко испитување прибавува писмена согласност од сите лица врз кои ќе се врши испитување на дејството на лекот и писмени докази дека тие лица претходно се известени за целта на испитувањето и за евентуалните ризици по нивното здравје, и за тоа го известува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Испитувањето на лековите што не содржат новооткриени супстанции се врши според одредбите на став 2 точ. 1) до 4) и на став 4 од овој член.

Прописи за клиничкото испитување на лек ќе донесе надлежниот сојузен орган на управата.

Член 27

Организацијата на здружен труд што клинички го испитувала лекот дава наод за извршеното клиничко испитување на лекот, кој ги содржи следните податоци:

1) број или ознака на пациентите врз кои е вршено испитувањето, со назначување на дијагнозата, годините на возраста и телесната тежина;

2) количество и начин на давање на лекот;

3) подносливост на лекот и попатни појави;

4) дејство на лекот, со опис на утврдените мерила и методи за испитување на лекот;

5) споредбен преглед на резултатите добиени со примена на паралелен препарат или индиферентно средство;

6) тест на листата пациенти врз кои е вршено испитувањето и тест на пациентите од контролната група;

7) статистичка анализа на добиените резултати;

8) други податоци што се од интерес за оцена на лекот.

Кон наодот од став 1 на овој член мора да се приложи планот врз основа на кој е вршено клиничко испитување на лекот.

По извршеното клиничко испитување на лекот, стручната комисија на организацијата на здружен труд што го вршела испитувањето ги оценува резултатите од испитувањето и дава мислење за квалитетот на лекот, особено во поглед на предностите или недостатоците во споредба со постојниот асортиман на лекот.

3. Одобрение за пуштање на готови лекови во промет

Член 28

За пуштање во промет на готови лекови е потребно одобрение од надлежниот сојузен орган на управата.

Предлог за пуштање на готов лек во промет може да поднесе организација на здружен труд чија дејност е производство на лекови или странски производител на готови лекови преку овластеното застапништво.

Организцијата на здружен труд што вршела клиничко испитување на готов лек може да предложи да се поведе постапка за пуштање на таквиот лек во промет, ако производителот на готовиот лек тоа не го сторил.

Надлежниот сојузен орган на управата може, по прибавено мислење од комисијата за лекови, да поведе постапка за пуштање на готов лек во промет.

Член 29

Предлогот за пуштање на готов лек во промет се поднесува до надлежниот сојузен орган на управата.

Кон предлогот за пуштање на готов лек во промет се поднесуваат:

1) наодите од лабораториското испитување на готовиот лек извршено во организацијата на здружен труд овластена за лабораториско испитување на лекови, со приложени односно опишани методи за неговото испитување;

2) наодите од клиничките испитувања на готовиот лек извршени во организациите на здружен труд овластени за клиничко испитување на лекови;

3) мислење на фармаколошкиот институт за готовиот лек, во кое се наведени во науката познатите податоци за дејствувањето на лекот, за попатните појави, за рационалноста на составот (ако е во прашање комбиниран и готов лек), за индикациите и контраиндикациите, како и други познати податоци што се од значење за клиничкото испитување на готовиот лек и за оцена на поднесеното барање за пуштање на лекот во промет;

4) доказ дека готовиот лек се наоѓа во промет во земјата на производителот, ако е во прашање готов лек од странско потекло;

5) предлог-назив на готовиот лек и доказ дека производителот е исклучителен носител на сите права на називот на лекот односно сопственик, ако не се работи за генерички назив;

6) текст на упатството што ќе се приложи кон готовиот лек што се пушта во промет.

Предлогот за пуштање во промет на готов лек што се употребува во ветерината, покрај доказите и податоците од став 2 на овој член, содржи и податоци за времето на задружување на лекот во организмот на животното односно за времето на потполно излачување на лекот и тоа за животните од кои се добиваат намирници за исхрана на луѓето.

Со пропис на сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството, донесен врз основа на овој закон, се уредува пуштањето во промет на крв и директни деривати од крв.

Член 30

Предлогот за пуштање на готовиот лек во промет го разгледува комисијата за лекови, која се формира во надлежниот сојузен орган на управата.

Членовите на комисијата за лекови ги именува надлежниот сојузен орган на управата од редот на истакнатите фармаколошки, медицински, фармацевтски, ветеринарски и други стручњаци, на предлог од надлежните органи во републиката односно во автономнара покраина. Членовите на комисијата за лекови се именуваат на четири години.

Комисијата за лекови работи врз основа на својот деловник.

Член 31

Одобрение за пуштање на готов лек во промет дава надлежниот сојузен орган на управата врз основа на мислење од комисијата за лекови.

Одобрението може да се даде ако комисијата за лекови оценила:

1) дека кон предлогот за пуштање на готов лек во промет е поднесена документацијата од член 29 на овој закон;

2) дека наодите на организациите на здружен труд што вршеле лабораториско и клиничко испитување на готовиот лек, како и мислењето од фармаколошкиот институт, се позитивни;

3) дека готовиот лек во поглед на составот е рационален, односно дека е утврдена оправданоста на составот, ако е во прашање лек што содржи повеќе лековити супстанции;

4) дека контраиндикациите и попатните појави, ако во литературата односно во науката се познати, се наведени во упатството што се приложува кон секое пакување на готовиот лек;

5) дека предложениот назив на готовиот лек, доколку не е генерички, не упатува на индикации и дека исклучува заблуди при пропишувањето, издавањето и употребата на лекот;

6) дека утврдената делотворност на готовиот лек им одговара на барањата на современата медицина односно ветерина и дека при определен начин на употреба и обѕир спрема контраиндикациите и попатните појави го оправдува пуштањето на лекот во промет;

7) дека готовиот лек има предност во однос на постојната терапија односно дека им одговара на другите потреби на современата и рационалната здравствена односно ветеринарска заштита.

По исклучок, во случај на епидемија, епизоотија, елементарни непогоди и други вонредни состојби, надлежниот сојузен орган на управата, по прибавено мислење од комисијата за лекови, може да даде одобрение за пуштање во промет на определено количество готов лек ако оцени дека лекот треба да се пушти во промет пред утврдувањето на условите, односно пред извршувањето на одделните дејствија предвидени во став 1 на овој член.

Член 32

Надлежниот сојузен орган на управата со решение дава одобрение за пуштање на готов лек во промет.

Одобрение за пуштањето на готов лек во промет се дава, по правило, на определено време а најдолго за период од пет години од денот на доставувањето на решението. Во решението за одобрение се внесуваат податоци за составот на лекот, за формата и пакувањето, за начинот на издавање, како и други податоци и услови што ќе ги предложи комисијата за лекови. Упатството за употреба на лекот е составен дел на решението.

Решението од став 1 на овој член е конечно во управната постапка.

Член 33

Одобрението за пуштање на готов лек во промет престанува да важи по истекот на рокот за кој е дадено одобрението или на барање од производителот на лекот, или ако организацијата на здружен труд на која ѝ е дадено одобрение не го пушти лекот во промет во рок од една година од денот на доставувањето на решението.

Барањето за пуштање на готов лек во промет може да се обнови најдоцна на шест месеци пред истекот на рокот за кој е дадено одобрението. Кон барањето да се обнови одобрението се поднесуваат само оние податоци што ќе ги побара комисијата за лекови на надлежниот сојузен орган на управата.

Ако организацијата на здружен труд која добила одобрение за пуштање на готов лек во промет одлучи да престане со производството пред истекот на рокот на важењето на решението, должна е за тоа да го извести надлежниот сојузен орган на управата и органот определен со републички односно со покраински пропис најдоцна шест месеци пред престанување на производството на готовиот лек.

Член 34

Списокот на готови лекови за кои е дадено одобрение за пуштање во промет и списокот на лекови за кои е укинато односно истекло одобрението за пуштање во промет се објавува во „Службен лист на СФРЈ" најмалку двапати годишно.

4. Контрола на лековите и на помошните лековити средства

Член 35

Организациите на здружен труд што произведуваат или што увезуваат лекови и помошни лековити средства вршат редовна контрола на секоја серија произведен односно увезен лек и помошно лековито средство заради проверување на пропишаниот квалитет пред неговото пуштање во промет.

Лековите од биолошко потекло (серуми, вакцини и др.), антибиотиците и други лекови што ќе ги определи функционерот кој раководи со надлежниот сојузен орган на управата подлежат, покрај редовната контрола, и на посебна контрола на секоја серија на лекот пред неговото пуштање во промет.

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на лекови на големо ја вршат редовната контрола на лекови од член 2 став 2 точка 2) на овој закон, ако тие лекови ги пуштаат во промет во своето пакување, односно ако ги пуштаат во промет во оригиналното пакување, а се произведени во организации на здружен труд во чија дејност не спаѓа производството на лекови во смисла на овој закон.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на организациите на здружен труд што произведуваат магистрални препарати.

Член 36

Организациите на здружен труд што ги произведуваат лековите од член 2 став 3 на овој закон или што ги пуштаат во промет лековите од член 2 став 2 точка 2) на овој закон, вршат редовна контрола на секоја серија произведен лек во сопствената лабораторија. Другите организации на здружен труд вршат редовна контрола на лековите односно на помошните лековити средства што ги произведуваат односно увезуваат во сопствената лабораторија или во организацијата на здружен труд која за испитување и контрола на лекови е овластена со пропис од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 37

Посебна контрола на лековите од член 35 став 2 на овој закон вршат организациите на здружен труд што се овластени за испитување и контрола на лекови.

Организациите од став 1 на овој член за секој испитан лек, за кој ќе утврдат дека им одговара на прописите, издаваат нумерирана бандерола, маркица или друга ознака која мора на секое пакување на лекот да биде така ставена што да обезбедува автентичност на контролираната серија на лекот.

Член 38

Во вршењето на редовна и посебна контрола се применуваат методите на Југословенската фармакопеја и посебните методи за испитување на лекови пропишани врз основа на овој закон.

За испитување на лекови за кои не постојат методите од став 1 на овој член, се применуваат методите што, на предлог од производителот, ќе ги усвојат организациите на здружен труд овластени за испитување и контрола на лекови.

Член 39

Организациите на здружен труд од чл. 35 до 37 на овој закон се должни да водат евиденција за извршената редовна односно посебна контрола на лекови.

Евиденцијата за извршената редовна односно посебна контрола на лекови мора да ги содржи следните податоци:

1) назив на лекот;

2) број на серијата и датум на производството односно датум на пакувањето на лекот, а за увезените лекови – и датум на увозот на лекот;

3) датум на извршената редовна односно посебна контрола на лекот;

4) наод за извршената редовна односно посебна контрола на лекот;

5) фирма односно назив на организацијата на здружен труд во која е извршена редовна односно посебна контрола на лекот;

6) потпис на лицето што е одговорно за вршењето на редовна односно посебна контрола на лекот.

Евиденцијата за извршената редовна односно посебна контрола на лековите мора да им биде достапна на органите овластени за вршење надзор над пуштањето на лекови во промет.

Член 40

Организациите на здружен труд што увезуваат лекови се должни да водат евиденција за видот и количеството на увезените лекови за кои е дадено одобрение за пуштање во промет.

Организациите од став 1 на овој член се должни да водат посебна евиденција за лековите што се увезуваат заради испитување.

Евиденциите од ст. 1 и 2 на овој член ги содржат следните податоци:

1) назив на лекот и на производителот;

2) количество на лекот;

3) број на решението со кое е дадено одобрение за пуштање на лекот во промет односно број на решението со кое е дадено одобрение за увоз на лекот заради испитување;

4) назив на купувачот на лекот.

Евиденциите од ст. 1 и 2 на овој член мораат да им бидат достапни на органите овластени за вршење надзор над пуштањето на лекови во промет.

Член 41

Организациите на здружен труд што се овластени за испитување и контрола на лекови се должни да водат евиденција за извршените испитувања на лековите.

Евиденцијата за извршените испитувања на лековите ги содржи следните податоци:

1) назив на лекот, ознака на серијата на лекот и фирма односно назив на производителот;

2) фирма односно назив на подносителот на барањето за испитување;

3) наод за извршените испитувања;

4) број на нумерираните бандероли, маркици, односно на другите ознаки употребени при испитувањето на лековите што подлежат на посебна контрола;

5) број под кој е заведена документацијата за испитување на лекот.

Евиденцијата и документацијата од став 2 точка 5 на овој член мораат да им бидат достапни на органите овластени за вршење надзор над пуштањето на лекови во промет.

5. Други услови за пуштање на лекови и на помошни лековити средства во промет

Член 42

Секој лек од домашно или странско производство што се пушта во промет како готов лек мора да има декларација која содржи:

1) назив на лекот и на производителот;

2) интернационален незаштитен назив на лекот (генерички назив), ако лекот содржи само една активна состојка;

3) квантитативен состав на активните супстанции на лекот;

4) начин на употреба на лекот;

5) начин на издавање на лекот определен со решението за пуштање на лекот во промет;

6) начин на чување на лекот (температура, влага и др.);

7) рок на траење на лекот означен на надворешната и внатрешната обвивка на лекот;

8) број на решението со кое е дадено одобрение за пуштање на лекот во промет;

9) број и датум на сериското производство и нумерирана бандерола, маркица, односно друга соодветна ознака – ако се во прашање лековите од член 35 став 2 на овој закон;

10) шифра на југословенската класификација.

Декларацијата на лекот од став 1 на овој член кој служи за надворешна употреба мора да содржи видлива ознака: „за надворешна употреба".

Декларацијата на лекот од став 1 на овој член што возачите не смеат да го употребуваат најмалку 12 часа пред почетокот на возењето, ниту за време на возењето, мора да содржи црвен триаголник со предупредување дека лекот не смее да се употребува пред и за време на возење.

Кон лекот од ст. 1 и 2 на овој член и кон помошното лековито средство што се пуштаат во промет се приложува и упатство за индикациите, контраиндикациите и попатните појави, како и други предупредувања во врска со употребата на лекот односно на помошното лековито средство, чиј текст е усвоен при давањето на одобрението за пуштање на лекот односно на помошното лековито средство во промет.

Ако контраиндикации или несакани попатни појави не се познати, во упатството тој факт може да се наведе, но не и тврдење дека тие не постојат, ниту дека трајноста на лекот е неограничена.

Во упатството за лековите за употреба во ветеринината мора да биде назначена каренцата, со која се определува времето за кое не смеат да се користат за човечка исхрана производите и суровините добиени од животни лекувани со тој лек.

Лековите наменети за ветеринарски цели мораат да бидат обележени со видлива ознака: „за употреба во ветеринината".

Член 43

Лековите од член 2 став 2 точ. 2) и 4) на овој закон мораат во прометот да имаат декларација со податоците од член 42 став 1 точ. 1), 2), 3), 5) и 7) на овој закон.

Помошните лековити средства мораат во прометот да имаат декларација со податоците од член 42 став 1 точ. 1), 3), 4), 6), 7) и 8) и од став 2, како и со податоци за бројот и датумот на сериското производство.

Член 44

Начинот на употреба на лековите од член 2 став 2 точ. 1) и 4) на овој закон и на помошните лековити средства, контраиндикациите и рокот на траење на тие лекови и на помошните лековити средства мораат во упатството или на етикетата да бидат отпечатени на сите јазици на народите на Југославија и на јазиците на албанската и унгарската народност.

Член 45

Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство или со увоз на лекови и на помошни лековити средства, можат да им ги продаваат на организации на здружен труд што вршат промет на лекови на големо, на аптеки и на други здравствени односно ветеринарски организации на здружен труд што имаат организирана служба за ракување со лекови и со помошни лековити средства.

Организациите на здружен труд што вршат само промет на лекови на големо можат да им продаваат лекови на аптеки и на други здравствени организации на здружен труд што имаат организирана служба за ракување со лекови, како и на ветеринарски организации на здружен труд.

Промет на лекови на мало вршат аптеките и други здравствени организации на здружен труд што имаат организирана служба за ракување со лекови, како и ветеринарските организации на здружен труд.

Член 46

Одобрение за пуштање на помошно лековито средство во промет дава надлежниот сојузен орган на управата врз основа на мислење од комисијата за лекови формирана врз основа на овој закон.

Предлог за пуштање во промет на помошно лековито средство поднесува организацијата на здружен труд, работниот човек кој самостојно врши дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните, што произведува помошни лековити средства или странски производител преку овластено застапништво.

Кон предлогот за пуштање на помошно лековито средство во промет се поднесува:

1) наод од лабораториското испитување на помошното лековито средство;

2) мислење од овластената здравствена или друга организација дека помошното лековито средство го има дејството што му се припишува;

3) текст на упатството кон помошното лековито средство.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина го определува здравствената или друга организација на здружен труд која ќе врши испитување на помошните лековити средства во смисла на став 3 точка 2 од овој член.

Во решението за одобрение за пуштање на помошно лековито средство во промет се внесуваат податоци за составот на помошното лековито средство, за формата, пакувањето и начинот на издавање, како и други пиодатоци што ќе ги предложи комисијата за лекови. Упатството за употреба на помошното лековито средство е составен дел на решението:

Решението од став 4 на овој член е конечно во управната постапка.

Член 47

Помошни лековити средства можат да пуштаат во промет и други организации на здружен труд и работни луѓе што вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните.

По исклучок, надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина може да одобри продажба на мало преку други организации на здружен труд и на лековите од член 2 став 2 точ. 1) и 2) на овој закон, но само за определени лекови за кои со решението за одобрение на пуштањето во промет е определено дека можат да се издаваат и без рецепт.

Член 48

Начинот на пропишување и издавање на лекови се регулира со пропис на функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството, а за лековите што се употребуваат во ветерината - со пропис на функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на ветеринарството.

Член 49

Организацијата на здружен труд која произведува односно увезува лекови заради пуштање во промет е должна, на барање од надлежниот сојузен орган на управата, да даде податоци за производството, увозот, прометот и залихите на лекови. Тие податоци се сметаат како деловна тајна.

Организацијата на здружен труд што добила одобрение за пуштање на лек во промет, а не е во можност, постојано или повремено, за време на важењето на одобрението, да произведува односно да увезува потребни количества на лек за пазарот, е должна за тоа да го извести надлежниот сојузен орган на управата и органот определен со републички односно со покраински пропис.

Член 50

Лекови и помошни лековити средства можат да се превезуваат само под условите што се пропишани за нивното складирање и чување.

Член 51

Организацијата на здружен труд може да увезува готови лекови и мешавини на лековити супстанции (полупроизводи) за производството на готови лекови заради пуштање во промет односно заради лабораториски или клинички испитувања само врз основа на согласност од надлежниот сојузен орган на управата.

Организацијата на здружен труд е должна да го извести надлежниот сојузен орган на управата за намерата да извезе определени готови лекови од посебно значење за здравствената односно ветеринарската заштита.

Списокот на лековите, чиј извоз се врши со претходно известување, во смисла на став 2 од овој член, го утврдува со решение надлежниот сојузен орган на управата.

Член 52

Забрането е рекламирање и огласување на лекови, како и давање информации за дејствувањето на лекови преку средствата за јавно информирање.

Надлежниот сојузен орган на упрвата може, по прибавено мислење од комисијата за лекови, да го одобри огласувањето на лек што се употребува како превентивно средство и да ги определи условите под кои тоа може да се прави.

По исклучок, кога е тоа во општ интерес (спречување на епидемија и сл.), надлежните органи во републиката и во автономната покраина можат преку средствата за јавно информирање да ги известуваат граѓаните за употреба на определени лекови.

Помошните лековити средства можат да се рекламираат, огласуваат и да се даваат информации за нивното дејствување само во согласност со одобреното упатство.

Член 53

Забрането е делење на мостри на лекови заради рекламирање, огласување односно информирање за дејствувањето на лекот.

Член 54

Организациите на здружен труд што произведуваат, увезуваат или вршат промет на лекови можат во стручниот медицински, фармацевтски и ветеринарски печат, во посебни публикации или преку здравствени односно ветеринарски работници со висока стручна подготовка да ги информираат здравствените односно ветеринарските работници за дејството на лекот со задолжително наведување на контраиндикациите, несаканите попатни појави и начинот на нивната употреба во согласност со податоците изведени во декларацијата од чл. 42 и 43 на овој закон.

Издавачите на посебните публикации од став 1 на овој член се должни да доставуваат на увид до надлежниот сојузен орган на управата по еден примерок од секоја публикација, најдоцна во рок од осум дена од денот на нејзиното издавање.

III. НАДЗОР НАД ПУШТАЊЕТО ВО ПРОМЕТ НА ЛЕКОВИ И ПОМОШНИ ЛЕКОВИТИ СРЕДСТВА

Член 55

Надзор над спроведувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на него вршат надлежните органи во републиките односно во автономните покраини.

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него, што се однесуваат на увозот на лекови, вршат надлежните сојузни органи на управата.

Член 56

Надлежниот сојузен орган на управата е одговорен за извршувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на него и кога со овој закон е определено дека непосреден надзор вршат надлежните органи во републиките и во автономните покраини.

Во согласност со одговорноста од став 1 на овој член, надлежните сојузни органи на управата имаат право и должност на републичките и на покраинските органи на управата надлежни за работите на надзор да им даваат задолжителни инструкции за извршувањето на рботите за кои се овластени со овој закон.

Член 57

Републичките и покраинските органи на управата надлежни за работите на надзор се должни на надлежниот сојузен орган на управата да му доставуваат извештаи за спроведувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството односно на ветеринарството ќе ги пропише, по потреба, начинот и роковите за доставување на извештаите од став 1 на овој член.

Член 58

Во вршењето на надзорот, органите од член 55 на овој закон, во рамките на своите надлежности, имаат право и должност:

1) на организацијата на здружен труд од чл. 11 до 14 на овој закон да ѝ наредат да го усогласи работењето со условите пропишани со овој закон и со прописите донесени врз основа на него, во рок кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од шест месеци од денот на приемот на решението со кое се наредува таа мерка;

2) на организацијата на здружен труд од чл. 11 и 12 на овој закон да ѝ го забранат прометот на лекови односно на помошни лековити средства, ако неисполнувањето на условите од тој член или на условите пропишани врз основа на овластувањето од член 15 на овој закон може да предизвика опасност за животот или здравјето;

3) да го запрат прометот на лек односно на серија на лек или прометот на помошно лековито средство односно на серија на помошно лековито средство кој не им одгова-

ра на условите предвидени со овој закон и со прописите донесени врз основа на него и за тоа да го известат надлежниот сојузен орган на управата;

4) да наредат повлекување на лек односно на помошно лековито средство од прометот во случаите предвидени со овој закон;

5) да наредат уништување на неисправен лек односно помошно лековито средство ако е утврдена неисправност која може штетно да дејствува врз здравјето;

6) да наредат други мерки потребни за спроведување на овој закон и на прописите донесени врз основа на него;

7) во случај на повреда на одредбите од овој закон, да поднесат до надлежниот орган пријава за поведување постапка против организацијата на здружен труд и одговорното лице во неа.

Мерките од став 1 на овој член се определуваат со решение кое е конечно во управната постапка.

Член 59

Лекот се повлекува од промет:

1) ако се утврди дека предизвикува штетни последици;

2) ако се утврди дека повеќе не им одговара на барањата на современата медицина односно ветерина и на потребите на здравствената односно на ветеринарската заштита;

3) ако се утврди дека е пуштен во промет спротивно на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него.

Ако поради причините од став 1 точ. 1) и 2) на овој член се повлекува од прометот лек за чие пуштање во промет е дадено одобрение, надлежниот сојузен орган на управата ќе го укине решението за давање одобрение за пуштање на таквиот лек во промет.

Серија на лек се повлекува од прометот ако се утврди дека не им одговара на условите предвидени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.

Решение за повлекување на лек или серија на лек од прометот, односно за укинувањето на одобрение за пуштање на лек во промет донесува надлежниот сојузен орган на управата.

Решението од став 4 на овој член се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Одредбите на ст. 1, 2 и 3 од овој член се однесуваат и на помошните лековити средства.

Член 60

Спроведување на решенијата што ги донесуваат органите од член 55 на овој закон обезбедуваат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина.

Член 61

Трошоците за испитувањето и повлекувањето на неисправен лек од прометот и за неговото уништување и трошоците на надлежниот орган во врска со спроведувањето на решенијата од чл. 58 и 59 на овој закон ги поднесува организацијата на здружен труд што го произвела или што го увезла неисправниот лек односно друга организација на здружен труд по чија вина дошло до повлекување на лекот од прометот или до уништување на лекот.

Организацијата на здружен труд што е овластена за испитување на лекови ги поднесува трошоците за повлекувањето на лекот од прометот ако дала погрешен наод за исправноста на лекот врз основа на кој лекот е пуштен во промет.

Ако организациите на здружен труд што се занимаваат со испитување и контрола на лекови или други организации на здружен труд узнаат дека постојат причини за повлекување на лекот од промет, должни се за тоа да го известат органот надлежен за вршење надзор над пуштањето на лекови во промет.

Одредбите на ст. 1, 2 и 3 од овој член се однесуваат и на помошните лековити средства.

Член 62

Здравствените односно ветеринарските организции на здружен труд што применуваат лекови за кои е дадено одобрение за пуштање во промет се должни веднаш да го известат надлежниот сојузен орган на управата и определена здравствена односно ветеринарска организација за секоја несакана попатна појава што ќе ја утврдат во својата практика.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ја определува здравствената односно ветеринарската организација што ќе организира следење на несаканите попатни појави при користењето на лекот.

Надлежниот сојузен орган на управата, во соработка со надлежните републички и покраински органи и со други заинтересирани органи и организации, организира следење на појавите од став 1 на овој член, како и на појавите забележени во други земји.

Член 63

Организациите на здружен труд односно работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните чија работа подлежи на надзор се должни да им овозможат на надлежните органи вршење надзор според овој закон, бесплатно да им ставаат на располагање доволен број мостри на лекови и на помошни лековити средства за анализа и да им дадат потребни податоци со кои располагаат.

Трошоците за анализа на лекови и помошни лековити средства ги поднесуваат организациите на здружен труд односно работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните.

IV. ДРУГИ ОДРЕДБИ

Член 64

Трошоците на постапката во врска со одобрувањето на пуштање на лек односно помошно лековито средство во промет ги поднесува производителот односно увозникот на лекот. Височината на тие трошоци ја утврдува со решение надлежниот сојузен орган на управата.

Член 65

Се овластува сојузниот орган на упрвата надлежен за работи на здравството односно на ветеринарството да донесува прописи:

1) за методите за лабораториско и клиничко испитување на лековите заради нивно пуштање во промет;

2) за организирањето на следење, начинот на известување и податоците што се доставуваат во врска со утврдените несакани попатни појави при употребата на лекот;

3) за посебните услови за пуштањето во промет помошни лековити средства.

V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

1. Кривични дела

НЕСОВЕСНО ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ПРИГОТВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОВИ

Член 66

Лицето овластено за издавање на лекови за употреба во медицината што ќе издаде друг лек наместо пропишаниот или бараниот лек, ако замената не е дозволена, или кое не ќе направи лек во пропишаниот сразмер или количество, или кое воопшто несовесно ќе постапи при пуштањето на лекови во промет и со тоа ќе предизвика влошување на здравствената состојба на некое лице, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Ако поради делото од став 1 на овој член на некое лице му е тешко нарушено здравјето или настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Ако делото од став 1 или од став 2 на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни за делото од став 1 на овој член со затвор до една година, а за делото од став 2 на овој член – со затвор од шест месеци до пет години.

НЕПРОПИСНО ИСПИТУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ

Член 67

Лицето кое спротивно на одредбите од член 24 на овој закон врши клиничко испитување на лек кој содржи една или повеќе новооткриени супстанции за кои не постојат докази дека се применети врз човечки организам, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Ако поради делото од став 1 на овој член на некое лице му е нарушено здравјето или настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ШТЕТНИ ПРОИЗВОДИ ПОД ВИДОТ НА ЛЕК

Член 68

Тој што под видот на лек ќе пушти во промет производи што се штетни за здравјето на луѓето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години и со парична казна.

Тој што делото од став 1 на овој член ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Производите од став 1 на овој член ќе се одземат.

2. Стопански престапи

Член 69

Со парична казна од 250.000 до 10,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако пушти во промет производ на кој му се припишува лековито дејство, а кој не се смета како лек во смисла на овој закон, или ако пушти во промет лек или помошно лековито средство на кое му истекол рокот на траење означен на декларацијата или на кое му е утврдена неисправноста на пропишаниот квалитет (член 8);

2) ако пушти во промет готов лек или помошно лековито средство за чие пуштање во промет не е прибавено одобрение од надлежниот сојузен орган на управата (член 28 став 1 и член 46 став 1);

3) ако пушти во промет серија на произведен односно увезен лек или на помошно лековито средство пред извршената контрола (чл. 35 и 36);

4) ако рекламира, огласува или дава информации за лекот односно за помошното лековито средство, или ако дели мостра на лек или на помошно лековито средство спротивно на пропишаните услови (чл. 52 и 53).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице со парична казна од 25.000 до 500.000 динари.

Член 70

Со парична казна од 250.000 до 1,000.000 ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или друга организација што се занимава со јавно информирање, ако во средствата што ѝ служат за пренесување на јавни информации објави реклама на лек односно на помошно лековито средство, огласи лек односно помошно лековито средство или даде информација за нив спротивно на пропишаните услови (член 52).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друга организација која се занимава со јавно информирање со парична казна од 25.000 до 500.000 динари.

3. Прекршоци

Член 71

Со парична казна од 50.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако не обезбеди превоз, сместување или чување на лекови или на помошни лековити средства на начинот пропишан со овој закон (чл. 10 и 50);

2) ако одобрение за пуштање во промет на одделна серија лекови даде работник кој не е овластен за тоа (член 11 точка 2);

3) ако изврши испитување на лек спротивно на одредбите на чл. 17 до 27 од овој закон или ако изврши испитување на помошно лековито средство спротивно на одредбите од чл. 17 и 18 на овој закон;

4) ако пушти во промет лек односно помошно лековито средство спротивно на условите определени во решението за давање одобрение за пуштање во промет (чл. 32 и 46);

5) ако продаде лек или врши промет на лек на мало спротивно на условите пропишани во чл. 45 и 47 на овој закон;

6) ако издаде лек на начин кој е спротивен на прописите донесени врз основа на овој закон (член 48);

7) ако не даде податоци за производството, увозот, прометот или залихите на лекови или не го извести надлежниот сојузен орган на управата и органот определен со републички односно со покраински пропис дека не е во можност постојано или повремено за време на важењето на одобрението да произведува или да увезува потребни количества лекови за пазарот (член 49).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице со парична казна од 10.000 до 200.000 динари.

Член 72

Со парична казна од 25.000 до 500.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако не води или неуредно или неточно води евиденција за извршената редовна односно посебна контрола на лековите односно евиденција за извршеното испитување на лекот (чл. 39 и 41);

2) ако пушти во промет лек односно помошно лековито средство без декларација или со нецелосна или неточна декларација (член 42 ст. 1 и 3 и член 43);

3) ако кон лекот или помошното лековито средство што го пушта во промет не приложи упатство или ако приложи упатство што не им одговара на условите пропишани во член 42 ст. 2, 4, 5, 6 и 7 односно во член 44 на овој закон;

4) ако увезе готов лек или мешавина на лековити супстанции (полупроизводи) за нивно производство, заради пуштање во промет, односно ако увезе готов лек или лековита супстанција заради лабораториски или клинички испитувања без согласност од надлежниот сојузен орган на управата или ако не го извести надлежниот сојузен орган на управата за извозот на определени готови лекови (член 51);

5) ако узнае дека постојат причини за повлекување на лек односно на помошно лековито средство од прометот, па за тоа не го извести надлежниот сојузен орган на управата (член 61 ст. 3 и 4);

6) ако не го извести надлежниот сојузен орган на управата и определената здравствена односно ветеринарска организација за секоја несакана попатна појава што ќе ја уврди во својата практика (член 62 став 1);

7) ако го спречи надлежниот орган во вршењето надзор или ако бесплатно не му стави на располагање доволен број мостри на лекови и помошни лековити средства за анализа или не му ги даде потребните податоци со кои располага (член 63);

8) ако не постапи според извршното решение од надлежниот орган со кое се наредува некоја од мерките од чл. 58 и 59 на овој член.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице со парична казна од 5.000 до 100.000 динари.

Член 73

Со парична казна од 25.000 до 200.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако не ги извести надлежните органи за поднесениот предлог за испитување на лекот или ако не им достави

известување со пропишаните податоци пред почетокот на испитувањето на лекот (член 22);

2) ако ги информира здравствените односно ветеринарските работници за дејството на лекот односно на помошното лековито средство спротивно на одредбите на член 54 став 1 од овој закон или ако до надлежниот сојузен орган на управата во рок од 8 дена од денот на неговото издавање не достави публикација за дејството на лекот (член 54 став 2);

3) ако пушти лек во промет пред да утврди надлежниот орган дека за пуштањето во промет на лековите се исполнети условите предвидени со овој закон (член 75).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице со парична казна од 5.000 до 100.000 динари.

Член 74

Со парична казна од 5.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок поединец овластен за издавање лекови во ветерината кој ќе издаде друг лек наместо пропишаниот или бараниот лек, ако замената не е дозволена, или кој не ќе направи лек во пропишаниот сразмер или количество, или кој воопшто несовесно ќе постапи при пуштањето на лек во промет и со тоа ќе предизвика пцовисување на едно или повеќе корисни животни.

Член 75

Ако дејствијата од член 69 став 1, член 71 став 1 точ. 1) и 4) и член 72 став 1 точ. 2), 3), 7) и 8) на овој закон ги стори работен човек кој самостојно со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните произведува или продава помошни лековити средства, ќе се казни за прекршок со парична казна од 25.000 до 500.000 динари.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 76

Организациите на здружен труд што, по влегувањето на овој закон во сила, се регистрираат за пуштање на лекови во промет на големо, можат да започнат со работа кога надлежните органи ќе утврдат дека се исполнети сите услови предвидени со овој закон.

Член 77

Организациите на здружен труд што произведуваат или увезуваат, заради пуштање во промет, помошни лековити средства, должни се во рок од две години од денот на влегувањето на овој закон во сила да го усогласат своето работење со одредбите на чл. 11, 42, 43, 46 и 50 од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 78

Организациите на здружен труд што произведуваат или увезуваат лекови заради пуштање во промет се должни да го усогласат своето работење со одредбата на член 50 од овој закон во рок од една година, а со одредбите на член 42 од овој закон во рок од две години од денот на влегувањето на овој закон во сила.

Член 79

Одобренијата за пуштање на лекови во промет, издадени врз основа на прописите што важеа во времето кога одобренијата се издадени, остануваат во сила две години од денот на влегувањето на овој закон во сила, ако не постојат други причини за укинување на решението предвидени со овој закон.

Член 80

Со денот на влегувањето на овој закон во сила престанува да важи Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76 и 56/80).

Надлежните сојузни органи на управата се должни прописите од член 15, член 20 став 2, член 26 став 6, член 35 став 2 и член 48 и 65 на овој закон да ги донесат односно да ги усогласат со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето на овој закон во сила.

Член 81

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

635.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ШТО ЈА ЗАГРОЗУВААТ ЦЕЛАТА ЗЕМЈА

Се прогласува Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот совет од 23 јули 1986 година.

П бр. 617
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ШТО ЈА ЗАГРОЗУВААТ ЦЕЛАТА ЗЕМЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја, заштитата од заразните болести што од животните можат да се пренесат врз луѓето и ветеринарско-санитарната контрола на производството и прометот на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло.

Член 2

Под заразни болести на животните што ја загрозуваат целата земја (во натамошниот текст: заразни болести), во смисла на овој закон, се подразбираат:

1) африканска чума кај свињите - Pestis africana suum;
2) африканска сакагија - Limphangitis epizootica;
3) акариоза кај пчелите - Acariosis apium;
4) атрофичен ринитис кај свињите - Rhinitis atrophica suum;
5) аујешкиева болест - Morbus Aujeszky;
6) црн пришт - Anthrax;
7) беснило - Lyssa;
8) овчи и козји сипаници - Variola ovina et caprina;
9) бруцелоза - Brucellosis;
10) цистицеркоза - Cisticercosis;
11) дизентерија кај свињите - Dysenteria suum;
12) ехинококоза - Echinococcosis;
13) ензоотска леукоза кај говедата - Leucoza enzootica bovini;
14) еритродерматис кај крапот - Eritrodermatitis cyprini;
15) фурункулоза кај пастрмките - Furunculosis salmonis;

16) гумборова болест - Morbus Gumboro;
17) генитална компилобактериоза - Vibriosis;
18) говедска чума - Pestis bovina;
19) хеморагична септикемија кај говедата - Septicaemia haemorrhagica bovum;
20) инфективна анемија кај коњите - Anaemia infectiosa eguorum;
21) инфлуенца кај коњите - Influenza eguorum;
22) класична чума кај свињите - Pestis suum classica;
23) чума кај коњите - Pestis eguorum;
24) чума кај пчелите - Pestis apium;
25) чума кај живината - Pestis avium;
26) кју треска - Q febris;
27) лептоспироза - Leptospirosis;
28) листериоза - Listeriosis;
29) марекова болест - Neurolymphomatosis avium;
30) микопласмоза кај живината - Mycoplasmosis avium;
31) миксоматоза - Myxomatosis;
32) ноземоза кај пчелите - Nosemosis apium;
33) њукастелска болест - Morbus Newcastle;
34) белодробна зараза кај говедата - Pleuropneumonia contagiosa bovum;
35) полова зараза кај коњите - Exanthema coitale paralytica;
36) пролетна виремија кај крапот - Viremia vernalis cyprini;
37) пситакоза - Psitacosis;
38) сакагија - Malleus;
39) салмонелоза - Salmonellosis;
40) лигавка и шап - Aphtae epizooticae;
41) тифус кај живината - Thyphus avium;
42) токсоплазмоза - Toxoplasmosis;
43) трансмисивен гастроентеритис кај свињите - Gastroenteritis virosa suum;
44) трихинелоза - Trichinellosis;
45) туберкулоза - Tuberculosis;
46) туларемија - Tularemia;
47) варооза - Varroosis apium;
48) везикуларно заболување кај свињите - Morbus vesicularis suum;
49) вирусна хеморагична септикемија кај пастрмките - Septicaemia haemorrhagica salmonis;
50) црвен ветер кај свињите - Eysipelas suis;
51) брливост кај пастрмите - Myxosomatosis salmonis;
52) воспаление на рибниот меур кај крапот - Aerocistitis cyprini;
53) заразна некроза на панкреасот кај пастрмките - Necrosis infectiosa pankreatica salmonis;
54) заразна фатеност кај свињите - Encephalomyelitis enzootica suum.

Ако се појави опасност од други заразни болести што можат да ја загрозат целата земја, Сојузниот извршен совет може да определи за заштита од тие болести да се применуваат сите или одделни мерки предвидени со овој закон.

Член 3

Заштитата на животните од заразните болести и заштитата од заразните болести што од животните можат да се пренесат врз луѓето, во смисла на овој закон, е должност на општествено-политичките заедници и на нивните органи, на ветеринарските и други организации на здружен труд, како и на корисниците, сопствениците, држателите односно чуварите на животни (во натомошниот текст: држател на животни).

Мерките за откривање, спречување на ширењето, сузбивање и искоренување на заразните болести непосредно ги спроведуваат организациите на здружен труд во областа на ветеринарството, ако со овој закон не е поинаку определено.

Член 4

Заштитата на животните од заразни болести и заштитата на здравјето на луѓето од заразни болести што од животни можат да се пренесат врз луѓето се вршат со преземање на пропишаните или наредените мерки за спречување на појавата или за откривање на заразните болести односно за сузбивање или искоренување на заразните болести, предвидени со овој закон.

Член 5

Мерките за откривање, спречување на ширењето, сузбивање и искоренување на заразните болести што од животните можат да се пренесат врз луѓето ги спроведуваат надлежните органи на ветеринарска инспекција и организациите на здружен труд во областа на ветеринарството, во соработка со надлежните органи во областа на здравството и со организациите на здружен труд во областа на здравството, а се состојат од заемно известување за појавата и движењето на тие заразни болести и од донесување и спроведување на мерки за откривање, спречување на ширењето, сузбивање и искоренување на тие болести.

Член 6

Како животни, во смисла на овој закон, се сметаат: копитари (коњи, мазги, магарињa и мулиња), чапункари (говеда, биволи, овци, кози и свињи), перната живина (кокошки, мисирки, гуски, патки и друга домошна перната живина), украсни и егзотични птици и животни, кучиња, мачки, питоми зајаци, пчели, свилени буби, риби, ракови, школки, ежеви, желки, полжави, жаби, пијавици, дивеч, зверови и лабораториски животни.

Како производи од животинско потекло, во смисла на овој закон, се сметаат: составните делови на животинското тело, во сурова или преработена состојба, што служат за исхрана на луѓе, млекото, јајцата, производите од млеко и јајца и медот.

Како суровини од животинско потекло, во смисла на овој закон, се сметаат составните делови на животинското тело и млекото, јајцата и медот во непреработена состојба, без оглед на нивната намена.

Како отпадоци од животинско потекло, во смисла на овој закон, се сметаат составните делови на животинското тело што не служат за исхрана на луѓето.

Член 7

Под ветеринарска контрола се подразбира санитарната контрола на животните, производите, суровините и отпадоците од животинско потекло заради заштита на луѓето и животните од заразни болести, како и контролата на објектите или стоките што можат да бидат пренесувачи на заразни болести на животни (во натамошниот текст: ветеринарско-санитарна контрола).

Член 8

Ветеринарско-санитарни прегледи и контролата на животните, производите, суровините и отпадоците од животинско потекло, освен граничните ветеринарско-санитарни прегледи и контрола, вршат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина.

Ветеринарско-санитарните прегледи и контролата на животните, производите, суровините и отпадоците од животинско потекло, што според одредбите од овој закон задолжително се вршат за потребите и во рамиките на Југословенската народна армија, ги вршат надлежните органи на Југословенската народна армија.

II. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ

1. Мерки за спречување на појавата на заразни болести

Член 9

Заради спречување на појавата или утврдување дека постојат заразни болести, надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина може да нареди, според природата на заразната болест и степенот на опасноста, една или повеќе од следните превентивни мерки:
1) заштитни вакцинирања;
2) дијагностички и други испитувања;
3) дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
4) утврдување на причините за пцовисувањето;
5) испитување на сурови кожи на црн пришт;
6) контрола на водата и на производството на храна за копитари, чапункари, перната живина и риби (во натамошниот текст: добиточна храна);
7) контрола на животните, објектите за сместување на животни и нивната околина, објектите и опремата за

обработка, преработка и промет на производи и суровини од животинско потекло и контрола на производите и суровините од животинско потекло;

8) контрола на производството и складирањето на семе за вештачко осеменување и на оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и на начинот на нивната примена;

9) контрола на животните во промет;

10) контрола на животните на саеми, пазари, други места на продожба, изложби, догони или други јавни смотри;

11) просветување на држателите на животни од областа на здравствената заштита на животните.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација вршат организациите на здружен труд во областа на ветеринарството и други организации на здружен труд ако во поглед на соодветните стручни работници, опремата и средствата ги исполнуваат условите што ги пропишува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштита на животните од заразни болести.

Член 10

Ако се посомнева на заразна болест, држателот на животни мора на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина или на ветеринарската организација на здружен труд веднаш да го пријави пцовисувањето на животно.

За пцовисаното животно мора да се утврди причината за пцовисувањето ако постои сомневање дека пцовисало од заразна болест.

Мршите од животните мораат да се сторат нештетливи.

Опремата и објектите во кои се собираат животинските мрши и отпадоци од животинско потекло, опремата и објектите во кои нештетливо се отстрануваат животинските мрши и отпадоците од животинско потекло и опремата и објектите во кои се утврдува причината за пцовисувањето, како и превозните средства за транспорт на животински мрши и отпадоци од животинско потекло мораат да им одговараат на пропишаните услови и да бидат под постојан ветеринарско-санитарен надзор.

Начинот на нештетливо отстранување на животински мрши и отпадоци од животинско потекло, како и условите што мораат да ги исполнуваат објектите, опремата и превозните средства од став 4 на овој член ги пропишува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразните болести.

Член 11

Организациите на здружен труд односно лицата што се занимаваат со откуп, промет или преработка на кожа се должни суровите кожи од копитари и чапункари заклани без ветеринарско-санитарен преглед, или суровите кожи од пцовисани копитари и чапункари за кои надлежниот орган не ја утврдил причината за пцовисувањето да ги складираат во посебни простории.

Говедските, овчите и козјите кожи од став 1 на овој член, освен телешките, јагнешките и јарешките кожи, не смеат да се пуштат во промет пред испитувањето на црн пришт (асколизација).

Организациите и лицата од став 1 на овој член се должни да водат евиденција за потеклото на откупените кожи.

Просториите во кои се сместуваат или складираат сурови кожи мораат да ги исполнуваат условите што ќе ги пропишат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина.

Член 12

Под ветеринарско-санитарна контрола се наоѓаат добиточната храна, суровините и адитивите што служат за производство на добиточна храна и објектите во кои се произведува добиточна храна.

Забранети се производство, промет и употреба на добиточна храна и на суровини што служат за нивно производство ако во количества поголеми од дозволените содржат патогени бактерии, габички на мувла и нивни продукти (егзотоксини и ендотоксини), хормони, антибиотици, пестициди, соли на тешки метали, радиоактивни материи и други супстанции штетни за здравјето на животните.

Солта за исхрана на животни мора да биде јодирана.

Прописи за максималните количества на штетни материи и состојки од став 2 на овој член во добиточната храна и во суровините што служат за производство на добиточна храна донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во согласност со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството.

Прописи за земањето мостри и за начинот на вршење ветеринарско-санитарна контрола од став 1 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 13

Испитување на мострите од добиточна храна, од суровини и од адитиви што служат за нивно производство вршат организациите на здружен труд што ќе ги определи надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Резултатот од анализата на мострите од добиточна храна и од суровини што служат за производство на добиточна храна може, во рок од осум дена, да се побива со барање да се изврши суперанализа на мострите во некоја од организациите на здружен труд која има соодветни стручни кадри, опрема и други услови за вршење на суперанализа.

Ако резултатот од суперанализата не е во согласност со резултатот од анализата, меродавен е резултатот од суперанализата на мострите.

Прописи за условите што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд од став 2 на овој член, донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести ги определува организациите на здружен труд што ги исполнуваат условите од став 2 на овој член.

Член 14

Под ветеринарско-санитарна контрола се наоѓаат животните, објектите за сместување на животни, објектите и опремата за обработка, преработка и промет на производи и суровини од животинско потекло, на производите и суровините од животинско потекло во промет, производството и складирањето на семе за вештачко осеменување и оплодување на јајна ќелија за оплодување на животни, како и начинот на нивната примена.

Член 15

Под ветеринарско-санитарна контрола се наоѓаат и животните на саеми, пазари и други места на продажба, на изложби, спортски натпревари, догони и други јавни смотри.

2. Мерки за сузбивање и искоренување на заразните болести

Член 16

Кога ќе се утврди постоењето на заразна болест и додека трае опасноста од заразната болест, надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина наредува, според природата на заразната болест и степенот на опасноста во заразеното подрачје, една или повеќе од следните мерки:

1) издвојување на здраво од заболено животно;

2) забрана на одржување саеми, пазари и продажба на други места, изложби, спортски натпревари, догони или други јавни смотри;

3) забрана или ограничување на движењето на животните;

4) забрана или ограничување на прометот на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, добиточна храна, адитиви и други предмети со кои може да се пренесува заразната болест;

5) забрана на колење на копитари, чапункари, перната живина и питоми зајаци;

6) колење или убивање на заболено животно или на животно за кое се сомнева дека е заболено;

7) попис на животните, а по потреба и нивно означување;

8) забрана или ограничување на производството на животни на определено време во определени објекти;

9) ограничување на движењето на лицата што доаѓаат во допир со заразено животно или со животно за кое се сомнева дека е заразено и со производи, суровини и отпадоци што потекнуваат од такво животно;

10) заштитно вакцинирање и дијагностичко испитување;

11) блокирање на жариштата на заразата, на заразените места и подрачја (забрана на влегување и излегување на лица и животни);

12) кастрација на заболено животно и забрана на природен припуст;

13) дезинфекција, дезинсекција и дератизација на штали, трла, простории во кои се наоѓаат инкубатори, дворови, пасишта, поила, објекти за обработка, преработка и складирање на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло и на други места на кои се наоѓало заболено или пцовисано животно и предмети што биле во допир со заболено или пцовисано животно;

14) контумација и уништување на кучиња и мачки скитачи.

Мерките од став 1 на овој член можат да се наредат и ако постои непосредна опасност од појавата на заразна болест.

Во особено опасни случаи може да се нареди и привремена забрана на работата во објектите во кои се преработуваат или складираат производи, суровини и отпадоци од животинско потекло или добиточна храна.

Ако се појават: африканска чума кај свињите, говедска чума, чума кај коњите, чума кај живината, овчи и козји сипаници, белодробна зараза кај говедата, лигавка и шап, класична чума кај свињите, заразна фатеност кај свињите или везикуларно заболување кај свињите, одделните мерки од став 1 на овој член мораат да се применат на подрачјето од најмалку 10 km околу жариштето на заразата, зависно од конфигурацијата на теренот, биолошките фактори и начинот на одгледување на животните.

Прописи за мерките од ст. 1 до 4 на овој член, што мораат да се преземат за сузбивање на одделни заразни болести, донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 17

Ако се појави заразна болест или ако се појават знаци според кои може да се посомнева дека животното е заболено или пцовисало од заразна болест, држателот на животното е должен тоа веднаш да му го пријави на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина или на ветеринарската организација на здружен труд која е должна за тоа веднаш да го извести надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Држателот на животни е должен веднаш да го затвори животното за кое се сомнева дека е заболено од заразна болест, или да го спречи контактот на луѓето и животните со мршата на пцовисаното животно до ветеринарскиот преглед и по прегледот да ги изврши наредените или пропишаните мерки.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, за определени заразни болести мора веднаш да обезбеди утврдување на заразната болест или на причината за пцовисувањето и да ги извести за појавата и престанувањето на заразната болест сите заинтересирани органи и организации на здружен труд.

Се смета дека заразната болест престанала кога по оздравувањето, убивањето (колењето) или пцовисувањето на последното заболено животно и по извршената завршна дезинфекција ќе измине најдолгото време на инкубација за таа заразна болест.

Дијагностичко испитување на материјалот заради утврдување на појавата на заразна болест вршат, според определен метод, ветеринарските организации на здружен труд што ќе ги определи надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Резултатите од лабораториското испитување на заразните болести на животните и лабораториските тестови и методи во областа на дијагностиката на заразните болести кај животните и во областа на утврдувањето на ветеринарско-санитарната исправност на суровините и производите од животинско потекло ги проверуваат ветеринарските организации на здружен труд што имаат соодветни стручни кадри, опрема и други услови за вршење на тие дејности.

Прописи за лабораториските тестови и методите и прописи за условите што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд од став 6 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразните боелсти ги определува организациите на здружен труд што ги исполнуваат условите од став 6 на овој член.

Определени заразни болести за кои мора веднаш да се обезбеди утврдување на заразнте болести или на причините за пцовисувањето (став 3) ги определува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Прописи за начинот и постапката на известување на заинтересираните органи и организации на здружен труд за појавата на заразна болест и за знаците врз основа на кои може да се смета дека се појавила заразна болест (став 3), како и за начинот на доставување на материјалот потребен заради дијагностичко испитување и определување на методот на дијагностичкото испитување (став 5), донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за роботи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 18

Органите за внатрешни работи, во границите на своите надлежности, на органите што преземаат мерки за заштита на животните од заразни болести, на нивно барање, им даваат помош при блокирањето на заразените места и подрачја, при ограничувањето на прометот на животните, при забраната на движењето на животни и лица на заразеното подрачје, како и при спроведувањето на други мерки за заштита на животните од заразни болести, предвидени со овој закон.

Ако се појави заразна болест кај животните, на барање од сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести или од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, помош во спречувањето на ширењето и во сузбивањето на заразните болести се должни да дадат единиците за цивилна заштита и единиците за територијална одбрана. При најголеми опасности од ширење на особено опасни заразни болести, можат да се употребат и единиците на Југословенската народна армија, за што одлука донесува сојузниот секретар за народна одбрана.

Член 19

За животното што е убиено, заклано или пцовисано поради извршување на наредените мерки и за предметите уништени поради извршување на наредените мерки, на сопственикот на животното односно предметот му припаѓа надомест според прописите на републиката односно на автономната покраина.

Член 20

Органите на Југословенската народна армија се должни да преземаат мерки за сузбивање и искоренување на заразните болести кај животните што служат за потребите на Југословенската народна армија и, за појавата на заразна болест, за преземаните мерки и за престанувањето на заразната болест, да го известат надлежниот орган на собранието на општината на чија територија се наоѓа единицата на Југословенската народна армија.

3. Ветеринарско-санитарен преглед и контрола во внатрешниот промет

Член 21

Во внатрешниот промет држателот на животно е должен за копитари, чапункари, перната живина, питоми

зајаци и риби од одгледувалишта, пчели, дивеч, кучиња и мачки да има и на барање од овластеното лице да покаже уверение за здравствената состојба.

Држателот на животни мора да го има уверението од став 1 на овој член, и тоа:

1) за копитари и чапункари во следните случаи:

– ако животните ги испраќа пеш или со превозно средство надвор од територијата на општината;

– ако нема постојано живеалиште;

– ако ги продава или на друг начин ги отуѓува животните;

– ако животните ги испраќа на саем, пазар и други места на продажба, изложба, спортски натпревари, догон и други јавни смотри;

– ако животните ги испраќа на кланица заради колење;

2) за перната живина, питоми зајаци и дивеч во следните случаи:

– ако животните ги испраќа на кланица заради колење;

– ако животните ги испраќа надвор од подрачјето на општината;

– ако животните ги продава или на друг начин ги отуѓува;

3) за риби од одгледувалишта во следните случаи:

– ако ги испраќа надвор од подрачјето на општината;

– ако ги продава или на друг начин ги отуѓува;

4) за пчели во следните случаи:

– ако ги испраќа надвор од подрачјето на општината или на пасење;

– ако ги продава или на друг начин ги отуѓува;

5) за кучиња и мачки:

– ако ги испраќа на саем, изложба, спортски натпревари или на други јавни смотри.

Со уверението од став 1 на овој член се потврдува дека во местото на потеклото на копитарите, чапункарите, пернатата живина, питомите зајаци, рибите од одгледувалишта, пчелите, дивечот, кучињата и мачките не е утврдено дека постои заразна болест која можат да ја пренесат тие животни. Уверението се издава на определено време.

Уверението од став 1 на овој член не смее да се издаде ако во местото на потеклото на копитарите, чапункарите, пернатата живина, питомите зајаци, рибите од огледувалишта, пчелите, дивечот, кучињата и мачките е утврдено дека постои заразна болест што може да се пренесе со тој вид животни.

За издавањето на уверението од став 1 на овој член се плаќа надомест односно такса, во согласаност со прописот на републиката односно на автономната покраина.

Образецот на уверението за здравствената состојба на животните од став 1 на овој член го пропишува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 22

Натоварот, претоварот и растоварот на пратка на животни, производи од животинско потекло, освен конзерви, суровини и отпадоци од животинско потекло, која се испраќа со превозни средства надвор од територијата на општината или на заедницата на општини односно на градот во кој е организирана заедничка ветеринарска инспекција и пратки на копитари и чапункари што се испраќаат пеш надвор од територијата на општината или на заедницата на општини односно на градот, подлежат на задолжителен ветеринарско-санитарен преглед.

По извршениот ветеринарско-санитарен преглед, при натоварот на пратките од став 1 на овој член се издава потврда за здравствената состојба на пратката. За копитарите, чапункарите, пернатата живина, питомите зајаци, рибите од одгледувалишта, пчелите, дивечот, кучињата и мачките не се издава потврда, туку на уверението од член 21 став 1 на овој закон се утврдува дека е извршен задолжителен преглед.

Ќе се забрани натовар или претовар на пратката од став 1 на овој член односно испраќање на копитари и чапункари пеш ако при задолжителниот ветеринарско-санитарен преглед се утврди дека пратката е заразена или се сомнева дека е заразена од некоја заразна болест; дека потекнува од заразено подрачје; ако за копитарите, чапункарите, пернатата живина, питомите зајаци, рибите од одгледувалишта, пчелите, дивечот, кучињата и мачките не се поседува уверение за здравствената состојба; ако превозното средство не ги исполнува пропишаните ветеринарско-санитарни услови или пратката не ги исполнува определените хигиенско-технички услови.

При превозот со железница, со брод, со авион или со средства на друмскиот сообраќај е дозволен натовар, претовар или растовар на пратка на животни само на железничките станици или на поморските, речните и воздухопловните пристаништа што ги исполнуваат пропишаните услови.

Прописи за начинот на натовар, претовар и растовар на пратките од став 1 на овој член, за условите што мора да ги исполнува превозното средство и за хигиенско-техничките услови што мора да ги исполнува пратката од став 3 на овој член донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Прописи за условите што мораат да ги исполнуваат станиците и пристаништата од став 4 на овој член донесува сојузниот орган на упавата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во согласност со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Член 23

Натовар, растовар и претовар на пратка на животни или на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло што ѝ припаѓа или е наменета за Југословенската народна армија, можат да се вршат само ако пратката ја прегледал ветеринарски инспектор на Југословенската народна армија или надлежниот ветеринарски инспектор.

Сојузниот секретар за народна одбрана донесува прописи за организацијата и работата на службата за ветеринарска инспекција во Југословенската народна армија и за легитимацијата на ветеринарскиот инспектор во Југословенската народна армија.

Член 24

Превозните средства со кои се испратени пратките од член 22 на овој закон организациите на здружен труд односно лицата што вршат превоз мораат по растоварот да ги исчистат и дезинфицираат под ветеринарско-санитарна контрола, а во случаите што ќе ги определи надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина – и пред натоварот.

Потврда за извршената дезинфекција на превозните средства од став 1 на овој член издава органот под чија контрола е извршена.

Прописи за начинот на дезинфекција на превозните средства од став 1 на овој член донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во согласност со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Член 25

Органите за внатрешни работи, во границите на своите надлежности, вршат контрола дали држателите на животни имаат уверение за здравствената состојба за копитарите и чапункарите што ги испраќаат пеш, или за копитарите, чапункарите, перната живина, питомите зајаци, рибите од одгледувалишта, пчелите, дивечот, кучињата и мачките што ги испраќаат со железница, брод, авион или со средства на друмскиот сообраќај.

Ако при контролата се утврди дека држателите на животни од став 1 на овој член немаат уверение за здравствената состојба или дека животните потекнуваат од заразено подрачје, органите за внатрешни работи таквите животни ќе ги задржат и за тоа ќе го известат надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, кој ќе преземе соодветни мерки.

4. Ветеринарско-санитарен преглед и контрола при увозот, извозот и провозот

Член 26

Пратките на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување

и оплодени јајни ќелии за оплодување на животни што се увезуваат, при растоварот и претоварот подлежат на задолжителен ветеринарско-санитарен преглед.

На задолжителен ветеринарско-санитарен преглед, при натовар и претовар, подлежат и пратки од став 1 на овој член што се извезуваат.

За натоварената пратка од став 2 на овој член, уверение за здравствената состојба на пратката издава органот што ја извршил контролата, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

Одредбите од член 22 ст. 1 до 4 и на член 24 од овој закон се применуваат и при извозот и провозот на пратките од став 1 на овој член.

Прописите за начинот на натовар, претовар и растовар на пратките од ст. 1 и 2 на овој член ги донесува и образецот на уверението за здравствената состојба на пратките од став 3 на овој член го пропишува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 27

Претовар и складирање на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло наменети за извоз, на граничните премини, се врши под ветеринарско-санитарна контрола на сојузниот граничен ветеринарски инспектор.

За пратките од став 1 на овој член уверение за здравствената состојба, при извозот, издава сојузниот граничен ветеринарски инспектор врз основа на потврдата односно уверението од член 22 став 2 на овој закон, издадено при натоварот на тие пратки.

Објектите за сместување на животни (карантински штали) и складовите за сместување на производи и суровини од животинско потекло на граничните премини мораат да ги исполнуваат пропишаните услови.

Прописи за условите што мораат да ги исполнуваат објектите и складовите од став 3 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштита на животните од заразни болести.

Член 28

Пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување и оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, можат да се увезуваат и провозуваат врз основа на решение од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, со кое се утврдува дека не постојат ветеринарско-санитарни пречки за увоз и провоз на тие пратки, во согласност со одредбите на овој закон.

Во решението од став 1 на овој член, функцинерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитита на животните од заразни болести ги пропишува и ветеринарско-санитарните услови за увоз и провоз на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни, како и други предмети со кои може да се пренесе заразна болест.

Нема до се дозволи увоз и провоз на пратките од став 1 на овој член ако во земјата извозничка или во земјите низ кои се провозуваат пратките постои заразна болест односно ако постои опасност заразната болест да се внесе во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести може со решението од став 1 на овој член да го обврзе увозникот дополнително да ја подложи на испитување или да ја држи во карантин пратката на производи, суровини, отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест или да нареди други мерки на сигурност.

Местото на карантин, видот и начинот на испитување и стручната организација на здружен труд која ќе го врши испитувањето ги определува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник.

Член 29

Увезените животни увозникот мора по увозот да ги држи во карантин заради испитување.

За копитарите, чапункарите, пернатата живина и питомите зајаци што се увезуваат за да се заколат непосредно по увозот, може во решението од член 28 ст. 1 и 2 на овој закон да се определи дека не мораат да бидат во карантин, ако епизоотиолошката ситуација во земјата извозничка е таква што да не се заканува опасност од внесување на заразни болести.

Животните од став 2 на овој член увезени за колење можат да се колат само во кланица која ги исполнува посебните услови.

Местото на карантинот, видот на испитувањето, стручната организација на здружен труд која ќе го врши испитувањето и другите услови за држење во карантин ги определува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чија територија е седиштето на крајниот корисник.

Прописи за условите што мораат да ги исполнуваат кланиците од став 3 на овој член пропишува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Прописи за условите и траењето на карантинот пропишува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 30

Врз пратките на животни, производи, суровини, отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и на други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, што се увезуваат во слободните царински зони и во консигнациони складови во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на увозот на тие пратки.

Складирање, пакување, преработка и обработка на производите и суровините од став 1 на овој член во слободните царински зони и во консигнационите складови се вршат под ветеринарско-санитарна контрола на сојузниот граничен ветеринарски инспектор.

Член 31

Трошоците настанати поради применување на мерките при увозот, извозот и провозот на животни, производи, суровини, отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, трошоците на карантинот и на продолженот карантин и трошоците настанати со применување на мерките во карантинот - ги плаќа увозникот, извозникот односно провозникот.

Член 32

Органите за внатрешни работи и органите на царинската служба во границите на своите надлежности, ќе го спречуваат недозволеното преминување на копитари и чапункари надвор од определените гранични премини.

Копитарите и чапункарите што надвор од определен граничен премин ќе преминат на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, органите од став 1 на овој член веднаш ќе му ги предадат на надлежниот орган на општината на чија територија се фатени.

Со копитарите и чапункарите од став 2 на овој член ќе се постапи според меѓународниот договор, ако начинот на постапување со такви животни е предвиден со тој договор, односно во согласност со прописите што ги донесува надлежниот орган во републиката односно автономната покраина.

Член 33

Превозниците кои вршат превоз со железница, брод, авион или со средства на друмскиот сообраќај и органите на царинската служба се должни за секоја втасана пратка од член 28 став 1 на овој закон веднаш да ја известат граничната ветеринарска станица.

5. Ветеринарско-санитарен преглед и контрола на животните, суровините и производите од животинско потекло

Член 34

На ветеринарско-санитарен преглед и контрола подлежат копитарите, чапункарите, пернатата живина и питомите зајаци пред колењето, месото од копитари, чапункари, перната живина, питоми зајаци, и од дивеч, рибите, млекото и јајцата и производите од месо, риба, млеко и јајца, медот, раковите, школките, полжавите и жабите и производите од ракови, школки, полжави и жаби што се наменети за јавна потрошувачка.

На прегледот од став 1 на овој член подлежат и објектите и опремата за колење на животните од тој став, објектите и опремата за обработка и преработка на месо, риби, ракови, школки, полжави, жаби, млеко и јајца и објектите и опремата за нивно складирање.

Прописи за начинот на вршење на прегледот од став 1 до 3 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во согласност со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството.

Член 35

Ветеринарско-санитарен преглед на животни наменети за колење и преглед на месото и на производите од животинско потекло од член 34 став 1 на овој закон наменети за јавна потрошувачка се вршат во кланицата односно на местото на производството, а контрола на производите од животинско потекло се врши на местото на складирање и на пазарите, пазаришта и другите места на продажба.

Прописи за начинот на задолжителниот преглед од став 1 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во согласност со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството.

Член 36

Говеда, биволи и копитари мораат да бидат прегледени пред и по колењето, а дивечот по отстрелот, без оглед дали нивното месо е наменето за јавна потрашувачка, за потребите на сопственото домаќинство или за исхрана на животни.

Ако се врши присилно колење на копитари и чапункари, прегледот по колењето е задолжителен и ако нивното месо е наменето за потребите на сопственото домаќинство или за исхрана на животни.

Ако се врши колење на болни копитари и чапункари, прегледот пред и по колењето е задолжителен и ако месото од тие животни е наменето за потребите на сопственото домаќинство или за исхрана на животни.

Член 37

Колење на животните од член 34 став 1 на овој закон чие месо е наменето за јавна потрошувачка или за извоз, обработка и преработка на месо, риби, млеко, јајца и други производи од животинско потекло наменети за јавна потрошувачка или за извоз, како и складирање на тие производи, се дозволени само во кланица односно во друг објект кој во поглед на изградбата, техничкото уредување, опремата, начинот на работа, стручниот кадар и хигиената ги исполнува пропишаните услови.

По исклучок, надвор од кланица можат да се колат копитари и чапункари чие месо е наменето за јавна потрошувачка само ако колењето се врши од нужда, а не може да се изврши во кланица.

Кланиците, ладилниците и објектите за обработка, преработка и складирање на производи од животинско потекло од став 1 на овој член и производството во нив мораат да бидат под ветеринарско-санитарна контрола.

Под ветеринарско-санитарна контрола се наоѓаат и суровините и адитивите што се користат при обработката и преработката на производите од животинско потекло во објектите од став 1 на овој член.

Месо, риби, млеко и јајца и производи од нив и мед, ракови, школки, полжави и жаби и производи од ракови, школки полжави и жаби не смеат да се пуштаат во промет или да се извезуваат ако содржат радиоактивни материи, биолошки или хемиски остатоци во количество поголемо од дозволеното.

Производите, суровините и отпадоците од животинско потекло, што со ветеринарско-санитарниот преглед се прогласени како неупотребливи за исхрана на луѓе, мораат да се декларираат како неупотребливи и да се сторат нештетливи.

Прописи за условите што мораат да ги исполнуваат објектите од став 1 на овој член донесува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 38

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на предлог од стручната комисија што тој ќе ја формира со решение, утврдува дека кланицата и другиот објект во кој се врши колење, и се произведуваат месо, производи и суровини од животинско потекло наменети за јавна потрошувачка од член 37 став 1 на овој закон, им одговараат на пропишаните услови и води евиденција за овие објекти.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести на предлог од стручната комисија што тој ја формира со решение утврдува дека извозната кланица односно друг објект во кој се врши колење на животни и се произведуваат месо, производи и суровини од животинско потекло наменети за извоз од член 37 став 1 на овој закон (во натамошниот текст: извозен објект), им одговара на пропишаните услови.

Ако извозниот објект престане да ги исполнува пропишаните услови, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, на предлог од стручната комисија или од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, ќе го стави надвор од сила решението од став 2 на овој член.

Ако неисполнувањето на пропишаните услови не влијае сушествено врз хигиената на производството, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести може, на предлог од стручната комисија или од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, да определи рок во кој тие недостатоци мораат да се отстранат. Ако недостатоците не се отстранат во определениот рок, ќе се донесе решението од став 3 на овој член.

На извозните објекти за кои со решението од став 1 на овој член е утврдено дека ги исполнуваат пропишаните услови, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести им го определува извозничкиот контролен број и земјите во кои можат да извезуваат производи и суровини од животинско потекло односно донесува решение со кое се утврдува дека престанува правото на употреба на извозничкиот контролен број, ако решението од став 1 на овој член биде ставено надвор од сила.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести на предлог од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, може да донесе решение со кое се утврдува дека престанува правото на употреба на извозничкиот контролен број само за определена земја, ако извозниот објект престане да ги исполнува условите што таа земја ги поставила како посебни услови.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести води евиденција на извозните објекти за кои се донесени рештенијата од ст. 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член.

Член 39

Одгледување на риби, перната живина за приплод и јајца за приплод наменети за извоз е дозволено само во објект за кој функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животни-

те од заразни болести, на предлог од стручната комисија што тој ја формира со решение, ќе утврди дека во поглед на изградбата, техничкото уредување, опремата, начинот на работа, контролата, стручниот кадар, хигиената и здравственото обезбедување ги исполнува условите за извозен објект.

Ако извозниот објект престане да ги исполнува пропишаните услови, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, на предлог од стручната комисија или од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, ќе го стави надвор од сила решението од став 1 на овој член.

Ако неисполнувањето на пропишаните услови не влијае суштествено врз хигиената на производството, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести може, на предлог од стручната комисија или од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, да определи рок во кој тие недостатоци мораат да се отстранат. Ако недостатоците не се отстранат во определениот рок, ќе се донесе решението од став 3 на овој член.

На извозните објекти за кои со решението од став 1 на овој член е утврдено дека ги исполнуваат пропишаните услови, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести им го определува извозничкиот контролен број и земјите во кои можат да извезуваат, односно донесува решение со кое се утврдува дека престанува правото на употреба на извозничкиот контролен број ако решението од став 1 на овој член биде ставено надвор од сила.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, на предлог од сојузниот ветеринарски инспектор односно од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, може да донесе решение со кое се утврдува дека престанува правото на употреба на извозничкиот контролен број само во определена земја, ако извозниот објект престанува да ги исполнува условите што таа земја ги поставила како посебни услови.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести води евиденција на извозните објекти за кои се донесени решенијата од овој член.

Член 40

Забранет е извозот на производи и суровини од животинско потекло што не се произведени во извозни објекти.

III. ВЕТЕРИНАРСКО-САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛА ВО ПРОМЕТОТ ПРЕКУ ГРАНИЦАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 41

Увоз, извоз и провоз на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест се дозволени само на определени гранични премини.

Пратките од став 1 на овој член подлежат на задолжителен ветеринарско-санитарен преглед од страна на сојузниот граничен ветеринарски инспектор во граничната ветеринарска станица.

При увозот, извозот и провозот, пратките од став 1 на овој член мораат да бидат снабдени со пропишаното уверение за здравствената состојба, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

Член 42

Граничните ветеринарски станици се основаат како подрачни организациони единици на сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, за еден или повеќе гранични премини.

Основање, спојување и укинување на гранични ветеринарски станици врши Сојузниот извршен совет, врз основа на мислење од надлежните органи во републиките односно во автономните покраини.

Граничните премини од став 1 на овој член ги определува сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 43

Во применувањето на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него, сојузниот граничен ветеринарски инспектор во граничната ветеринарска станица има право и должност:

1) да врши ветеринарско-санитарна контрола на пратките од член 41 на овој закон;

2) заради утврдување на нивната здравствена состојба, да врши испитување на пратките од член 41 на овој закон што се увезуваат;

3) кога за тоа е овластен, да издава уверение за здравствената состојба на пратките од член 41 на овој закон што се извезуваат;

4) да зема мостри од производи, суровини и отпадоци од животинско потекло без надомест на вредноста на мострите, заради испитување на нивната ветеринарско-санитарна исправност;

5) да врши преглед на деловните книги и на исправите на организациите на здружен труд и на поединци во врска со спроведувањето на одредбите од член 41 на овој закон за прометот на пратки преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

6) да собира податоци и известувања од одговорните лица, од сведоци, вештаци и од други лица, кога тоа е потребно за успешното вршење на неговите работи;

7) да поднесува кривични пријави, како и пријави за стопански престапи и прекршоци, кога дејството извршено со повреда на овој закон и на прописите донесени врз основа на него претставува казниво дејство.

Член 44

Во вршењето на работите од член 43 на овој закон сојузниот граничен инспектор има право и должност да наредува или да ги презема следните мерки:

1) да забрани увоз, извоз или провоз на пратките од член 41 на овој закон:

– ако пратката не им одговара на пропишаните услови;

– ако при прегледот утврди дека пратката е заразена, сомнителна на заразување или ако потекнува од заразено подрачје;

– ако утврди дека пратката не е снабдена со пропишаното ветеринарско уверение за здравствената состојба;

2) привремено да забрани увоз, извоз и провоз на пратките од член 41 на овој закон ако треба да се отстранат недостатоци на пратката или на исправата што ја придружува;

3) да нареди складирање на пратката од член 41 на овој закон, ако треба да се изврши испитување на здравствената состојба на пратката;

4) да ги одземе или уништи намирниците од животинско потекло од лицата што ја преминуваат државната граница на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ако таква мерка е предвидена со сојузните прописи;

5) да нареди преземање и на други мерки за заштита на животните, во согласност со овој закон и со обврските според меѓународните договори за здравствената заштита на животните.

Начинот на земање мостри од производи, суровини и отпадоци од животинско потекло заради испитување на нивната ветеринарско-санитарна инсправност и начинот на одземање и уништување на производи и суровини од животинско потекло ги пропишува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 45

Мерките од член 44 на овој закон ги наредува сојузниот грничен ветеринарски инспектор со решение донесе-

но според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува општата управна постапка.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Член 46

Сојузниот граничен ветеринарски инспектор има легитимација со која се утврдува неговото својство и знак на граничен ветеринарски инспектор.

Легитимацијата и знакот на сојузниот граничен ветеринарски инспектор ги пропишува и издава функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

IV. НАДЗОР НАД ИЗВОЗНИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 47

Сојузниот орган на управата надлежен за заштита на животните од заразни болести врши непосреден надзор над применувањето на сојузните прописи што се однесуваат на техничката опременост, уредувањето и начинот на работа на извозните објекти преку сојузниот ветеринарски инспектор.

Контрола на работата на извозните објекти од став 1 на овој член врши надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 48

Во вршење на надзорот од член 47 став 1 на овој закон, сојузниот ветеринарски инспектор има право и должност:

1) да врши преглед на просториите, уредите, опремата, деловните книги и исправите, како и на начинот на работа во извозниот објект во поглед на правилното применување на сојузните прописи;

2) да зема мостри од производите и суровините од животинско потекло без надомест на вредноста на мострата, заради нивно испитување во поглед на ветеринарско-санитарната исправност;

3) да собира податоци и известувања од одговорните лица, од сведоци, вештаци и од други лица;

4) да поднесува кривични пријави, како и пријави за стопански престапи и прекршоци кога дејството извршено со повреда на овој закон и на прописите донесени врз основа на него претставува казниво дејство.

За најдената состојба и преземените мерки во извозниот објект, сојузниот ветеринарски инспектор составува записник и извештај што со - свое мислење и предлози, ги доставува до сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 49

Во вршењето на надзорот од член 47 став 1 на овој закон, надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ги применува одредбите од член 48 став 1 точ. 1, 2 и 3 на овој закон.

За најдената состојба во извозниот објект органот од став 1 на овој член составува записник што, со свое мислење и предлог, го доставува до сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 50

Сојузниот ветеринарски инспектор има легитимација со која се утврдува неговото својство.

Легитимацијата на сојузниот ветеринарски инспектор ја пропишува и издава функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

V. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОД ВНЕСУВАЊЕТО ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 51

Заради спречување на внесувањето и ширењето на заразни болести од други земји и нивно сузбивање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести:

1) ги следи појавите и движењето на заразните болести на животните во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и во други земји;

2) издава петнаесетдневен билтен за движењето на определени заразни болести на животните во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести ги известува надлежните органи во републиката односно во автономната покраина и Сојузниот секретаријат за народна одбрана за појавата и движењето на заразна болест на животните во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и во други земји.

Заразните болести за кои се доставува извештај заради издавање на билтенот од ств 1 точка 2 на овој член ги определува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 52

Заради спречување на внесувањето и ширењето на заразни болести на животните од други земји и за нивно сузбивање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести може:

1) да нареди ставање на определен дел од границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија под постојан ветеринарски надзор и спроведување во граничните општини на одделни мерки од чл. 9 и 16 на овој закон;

2) да го ограничи или забрани увозот или провозот преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, ако постои опасност со увозот или провозот таа да се внесе во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) да ограничи или да им забрани на лица преминување на државната граница во обете насоки, ако во гранична општина во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или во соседна земја во поголеми размери се појави некоја заразна болест од член 16 став 4 на овој закон.

VI. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СОЈУЗНИОТ ОРГАН НА УПРАВАТА НАДЛЕЖЕН ЗА РАБОТИ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО ПОГЛЕД НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 53

Во остварувањето на одговорностите на сојузните органи за извршување на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него, кога непосреден надзор над применувањето на тие прописи вршат органите во републиките односно во автономните покраини, сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести има право и должност:

1) на надлежните републички и покраински органи на управата да им дава задолжителни инструкции за извршувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него кога тоа, во интерес на целата земја, е неопходно за единственото применување на тие прописи;

2) во случаите во кои надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина не изврши определена управна работа врз основа на овластувањата од овој

закон, а неизвршувањето на таа управна работа може да предизвика потешки штетни последици, да ја изврши таа работа и за тоа да го извести Сојузниот извршен совет.

Надлежните републички и покраински органи на управата се должни на сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести да му доставуваат редовни извештаи за извршувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него, како и податоци за појавата и за преземените мерки за спречување и сузбивање на болеста.

Прописи за доставувањето на извештаите и податоците од став 2 на овој член донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

Член 54

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести врши надзор над применувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него, кои се однесуваат на мерките за спречување, сузбивање и искоренување на заразните болести, преку сојузниот ветеринарски инспектор.

Член 55

Во вршењето надзор, сојузниот ветеринарски инспектор од член 54 на овој закон има право:

1) да собира податоци и известувања од одговорни лица, сведоци, вештаци и од други лица кога е тоа потребно;

2) да поднесува кривични пријави, како и пријави за стопански престапи и прекршоци, кога дејството извршено со повреда на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на него претставува казниво дејство.

За најдената состојба и преземените мерки, сојузниот ветеринарски инспектор му поднесува извештај на сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести.

VII. НАДОМЕСТ ЗА ВЕТЕРИНАРСКО-САНИТАРНИ ПРЕГЛЕДИ

Член 56

За извршениот ветеринарско-санитарен преглед на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се плаќа надомест.

Надоместот од став 1 на овој член е приход на федерацијата.

Височината на надоместот од став 1 на овој член ја определува Сојузниот извршен совет.

Член 57

За ветеринарско-санитарен преглед на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од член 22 став 1 и од член 26 ст. 1 и 2 и за ветеринарско-санитарен преглед на суровини, производи и отпадоци од животинско потекло од член 34 ст. 1 и 2 и од член 36 на овој закон се плаќа надомест во согласност со прописот на републиката односно на автономната покраина.

Височината на надоместот од став 1 на овој член и намената на средствата остварени од надоместот се определуваат со пропис на републиката односно на автономната покраина.

VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Со парична казна од 100.000 до 5,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако не изврши некоја од наредените мерки за спречување на појавата на заразни болести (член 9);

2) ако не изврши некоја од наредените мерки за сузбивање и искоренување на заразните болести (член 16);

3) ако копитари, чапункари, перната живина и питоми зајаци пред колењето, месо од копитари, чапункари, перната живина, питоми зајаци, дивеч, риби, млеко, јајца, производи од месо, риби, млеко и јајца, мед, ракови, школки, полжави и жаби и производи од ракови, школки, полжави и жаби што се наменети за јавна потрошувачка не биле подложени на ветеринарско-санитарен преглед (член 34 став 1);

4) ако објектите и опремата за колење на животни, објектите и опремата за обработка и преработка на месо, риби, ракови, школки, полжави, млеко, јајца и објектите и опремата за нивно складирање не се под ветеринарско-санитарен инспекциски преглед (член 34 став 2);

5) ако говеда, биволи и копитари, пред и по колењето, а дивечот по отстрелот, не се прегледани или ако по колењето не е извршен преглед на принудно заклани копитари и чапункари или ако пред и по колењето не е извршен преглед на болни копитари и чапункари (член 36);

6) ако пушти во промет месо, риби, млеко и јајца или производи од нив и мед, ракови, школки, полжави или жаби или производи од ракови, школки, полжави или од жаби што содржат радиоактивни материи и биолошки или хемиски остатоци во количество поголемо од дозволеното (член 37 став 5).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 10.000 до 300.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 59

Со парична казна од 50.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако на надлежниот орган или на ветеринарската организација на здружен труд не им го пријави веднаш пцовисувањето на животно ако се посомнева на заразна болест (член 10 став 1);

2) ако пушти во промет говедски, овчи или козји кожи што не се испитани на црн пришт (член 11 став 2);

3) ако произведува, пушти во промет или употреби добиточна храна и суровини што служат за нејзино производство, ако тие во количества поголеми од договорените содржат патогени бактерии, габички на мувла и нивни продукти (егзотоксини, ендотоксини), хормони, антибиотици, пестициди, соли на тешки метали, радиоактивни материи и други супстанции штетни за здравјето на животните (член 12 став 2);

4) ако надвор од определените гранични премини или без ветеринарско-санитарен преглед од надлежниот орган увезе, извезе или провезе пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни или други предмети со кои може да се пренесува заразна болест (член 41 ст. 1 и 2).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 50.000 до 100.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 60

Со парична казна од 10.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако сурови кожи на копитари и чапункари заклани без ветеринарско-санитарен преглед или сурови кожи од пцовисани копитари и чапункари за кои надлежниот орган не ја утврдил причината за пцовисување, не ги складира во одвоени простории (член 11 став 1);

2) ако натовари, претовари или растовари пратка на животни, производи од животинско потекло, освен конзерви, суровини или отпадоци од животинско потекло, што се испраќа со превозно средство надвор од територијата на општината или на заедницата на општини односно на градот или ако испраќа копитари или чапункари пеш надвор од територијата на општината или на заедницата на општини односно на градот без задолжителен ветеринарско-санитарен преглед (член 22 став 1);

3) ако натовари или претовари пратка на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло,

семе за вештачко осеменување или оплодени јајни ќелии за оплодување на животни наменети за извоз или ако растовари или претовари такви увезени пратки без задолжителен ветеринарско-санитарен преглед (член 26 ст. 1 и 2);

4) ако претовари или складира пратка на животни, производи, суровини или отпадоци од животинско потекло наменети за извоз на граничните премини без ветеринарско-санитарна контрола (член 27 став 1);

5) ако без решението што го донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести увезе или провезе пратка на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни или други предмети со кои може да се пренесува заразна болест (член 28 став 1);

6) ако не испита или не држи во карантин пратка на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни или други предмети со кои може да се пренесува заразна болест или не изврши други мерки на сигурност кога е должна за тоа според решението што го донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на заштитата на животните од заразни болести (член 28 став 4);

7) ако увезените животни не ги држи определено време во карантин заради испитување (член 29 став 1);

8) ако копитари, чапункари, перната живина или питоми зајаци увезени за колење ги коле во кланица која не ги исполнува пропишаните посебни услови (член 29 став 3);

9) ако извезе производи или суровини од животинско потекло што не се произведени во извозни објекти (член 40).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 2.500 до 50.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 61

Со парична казна од 5.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице:

1) ако за пцовисано животно не ја утврди причината за пцовисувањето, а постои сомневање дека пцовисало од заразна болест или ако мршите на животните не се сторат нештетливи или ако се врши нештетливо отстранување на животински мрши во објект кој не ги исполнува пропишаните услови (член 10 ст. 2 до 4);

2) ако не води евиденција за потеклото на откупените кожи (член 11 став 3);

3) ако сместува или складира сурови кожи во простории што не ги исполнуваат пропишаните услови (член 11 став 4);

4) ако животните на саеми, пазаришта и други места за продажба, на изложби, догони или други јавни смотри не биле под ветеринарско-санитарна контрола (член 15);

5) ако на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина или на ветеринарската организација на здружен труд не им пријави појава на заразна болест или појава на знаци по кои може да се сомнева дека животното заболело или пцовисало од заразна болест (член 17 став 1);

6) ако за копитари, чапункари, перната живина, питоми зајаци, риби од одгледувалишта, пчели, дивеч, кучиња и мачки нема уверение за здравствената состојба (член 21 ст. 1 и 2);

7) ако пратки на животни, производи од животинско потекло, освен конзерви, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување и оплодени јајни ќелии за оплодување на животни натовари во превозно средство кое не ги исполнува пропишаните ветеринарско-санитарни услови (член 22 став 3);

8) ако превозното средство со кое се испраќаат пратки на животни, производи, суровини или отпадоци од животинско потекло не го исчисти или не го дезинфицира по растоварот или пред натоварот, под ветеринарско-санитарна контрола во случаите што ќе ги определи надлежниот орган (член 24);

9) ако складира, пакува, преработува или обработува животински производи или животински суровини во слободни царински зони или на консигнациони складови без ветеринарско-санитарна контрола на сојузниот граничен ветеринарски инспектор (член 30 став 2);

10) ако граничната ветеринарска станица не ја извести за втасаната пратка (член 33);

11) ако коле копитари, чапункари, перната живина или питоми зајаци чие месо е наменето за јавна потрошувачка или за извоз или врши обработка или преработка на месо, риби, млеко или јајца или на други производи од животинско потекло наменети за јавна потрошувачка или за извоз или ако складира животински производи во објект кој не ги исполнува пропишаните услови (член 37 став 1 и член 38 став 1);

12) ако производите, суровините или отпадоците од животинско потекло што со ветеринарско-санитарниот преглед се прогласени за неупотребливи за исхрана на луѓето, не ги стори нештетливи или не ги декларира како неупотребливи (член 37 став 6);

13) ако одгледува риби, перната живина за приплод и јајца за приплод наменети за извоз во објекти кои во поглед на изградбата, техничкото уредување, опремата, начинот на работа, контролата, стручната работа, хигиената и здравственото обезбедување не ги исполнуваат условите за извозен објект (член 39 став 1).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 2.500 до 50.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 62

Со парична казна од 5.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок поединец кој ќе изврши некое од дејствијата од чл. 58 до 61 на овој закон.

Член 63

За прекршокот од чл. 59 до 61 на овој закон може, покрај казната, да се изрече и заштитната мерка одземање на предметите што биле употребени за извршување на прекршокот или што се прибавени односно што настанале со извршувањето на прекршокот.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76).

Прописите врз основа на овластувањата од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописите според одредбите на овој закон, ќе се применуваат прописите донесени врз основа на овластувањата од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76), доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 65

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

636.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ШКОЛИ И ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИТЕ УСТАНОВИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за воените школи и за научноистражувачките ус-

танови на Југословенската народна армија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година.

П бр. 618
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с.р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ШКОЛИ И ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИТЕ УСТАНОВИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Член 1

Во Законот за воените школи и за научноистражувачките установи на Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/78) во член 1 став 1 се менува и гласи:

„Воените школи и училишните центри на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: воените школи и училишните центри) се наставни односно наставно-научни установи со задача да подготвуваат воени старешини и други лица со средна, виша и висока стручна подготовка за работи на раководењето и командувањето со воените единици и воените установи, за работи на обуката и воспитувањето и за вршење на други работи од организирањето, развојот и подготвувањето на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: вооружените сили) и да организираат и развиваат научноистражувачка работа во областа на воените науки."

Во став 2 зборовите: „народната одбрана", се заменуваат со зборовите: „општонародната одбрана".

Член 2

Во член 2 став 1 точка 2 по зборовите: „воени старешини" се додаваат зборовите: „и други лица", а зборовите: „во духот на целите и задачите на југословенското социјалистичко општество и на одбраната на независноста и суверенитетот на југословенската самоуправна социјалистичка заедница", се заменуваат со зборовите: „во духот на заштитата и одбраната на независноста, суверенитетот, територијалната целокупност и општественото уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија утврдено со Уставот на СФРЈ".

По точка 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) во соработка со организациите на здружен труд и со надлежните органи во општествено-политичките заедници оспособуваат работни луѓе и граѓани за работа врз работите и задачите значајни за производството, одржувањето и користењето на вооружувањето и воената опрема и за други потреби на вооружените сили;".

Во досегашната точка 3, која станува точка 4, по зборовите: „вооружените сили", се додаваат зборовите: „и во областа на воените науки".

Во досегашната точка 4, која станува точка 5, зборовите: „народната одбрана" се заменуваат со зборовите: „општонародната одбрана", а зборовите: „развивање на воените науки", се заменуваат со зборовите: „развивање на научноистражувачката работа и остварување на заедничките научноистражувачки проекти во областа на воените науки".

Став 2 се менува и гласи:

„Покрај наставата за стекнување на средна, виша и висока стручна подготовка, воените школи и училишните центри организираат и спроведуваат настава за усовршување, специјализација, преквалификација и дошколување на воените старешини и на други лица за работа на командни, штабни и други должности во вооружените сили."

Член 3

Во член 6 став 2 зборовите: „воспитувањето, образованието и наставата" се заменуваат со зборовите: „воспитно-образовната, наставната и научната работа".

Член 4

Во член 8 став 1, во уводната реченица по зборовите: „воените старешини" се додаваат зборовите: „и на други лица".

Член 5

Во член 10 став 1 зборот: „военостручна", се заменуват со зборот: „стручна".

Член 6

Член 11 став 1 се менува и гласи:

„Општите средни воени училишта се средни училишта за насочено воено образование во кои учениците со воспитување и образование се подготвуваат за продолжување на школувањето во виши воени школи и воени академии односно се оспособуваат за вршење на стручни работи во производството, одржувањето и користењето на вооружувањето и воената опрема и за други потреби на вооружените сили."

Член 7

Во член 12 став 1 зборот: „военостручна" се заменува со зборот: „стручна".

Член 8

Член 13 се менува и гласи:

„Член 13

Високи воени школи се: воените академии, школите за постдипломско усовршување и Военомедицинската академија на Југословенската народна армија.

Високите воени школи од став 1 на овој член се наставни и научни установи на Југословенската народна армија, кои можат да организираат и настава за стекнување на академски степен магистер односно специјалист (во натамошниот текст: постдипломски студии)."

Член 9

Во член 14 став 1 зборовите: „воени старешини со висока военостручна подготовка" се заменуваат со зборовите: „воени старешини и други лица со висока стручна подготовка".

Член 10

По член 14 се додава нов член 14а, кој гласи:

„Член 14а

Школи за постдипломско усовршување се високошколските наставни и научни установи на Југословенската народна армија што организираат и спроведуваат усовршување на воени старешини и на други лица за соодветни командни, штабни, политички и други должности во вооружените сили и за раководење во системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита и организираат и развиваат научноистражувачка работа во областа на воените и другите науки од интерес за вооружените сили.

Школи за постдипломско усовршување се: командно-штабните школи, Високата военополитичка школа на Југословенската народна армија и Школата за општонародна одбрана."

Член 11

Член 15 се менува и гласи:

„Член 15

„Командно-штабните школи се високошколски наставни и научни установи на Југословенската народна ар-

лија што оспособуваат воени старешини за соодветни командни и штабни должности во здружените тактички единици и во оперативно-стратегиските команди и во штабовите на вооружените сили, организираат и спроведуваат усовршување на тој кадар и организираат и развиваат научноистражувачка работа во областа на воените науки.

Командно-штабни школи можат да се основаат како командно-штабни школи по тактика и командно-штабни школи по оператика. Тие, по правило, се основаат за одделни видови на Југословенската народна армија.

Школувањето во командно-штабните школи трае најмалку една година."

Член 12

Во член 16 став 1 се менува и гласи:

„Високата военополитичка школа на Југословенската народна армија е високошколска наставна и научна установа на Југословенската народна армија која оспособува воени старешини за политичка работа и за други должности во командите, штабовите, единиците и установите на вооружените сили, организира и спроведува усовршување на тој кадар и организира и развива научноистражувачка работа во областа на општествените науки од интерес за вооружените сили."

Член 13

Член 17 се менува и гласи:

„Член 17

Школата за општонародна одбрана е високошколска наставна и научна установа на Југословенската народна армија која оспособува воени старешини и други лица за соодветни должности во стратегиско-оперативните единици и во штабовите на вооружените сили и за раководење во системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита на стратегиско ниво и организира и развива научноистражувачка работа која е од значење за општонародната одбрана.

Школувањето во Школата за општонародна одбрана трае најмалку една година."

Член 14

Во член 18 став 2 се менува и гласи:

„Ако тоа особени потреби на вооружените сили го бараат, во Военомедицинската академија на Југословенската народна армија може, по одобрение од сојузниот секретар за народна одбрана, да се организира школување на кадри со виша или висока стручна подготовка од областа на општата и воената медицина, фармацијата и стоматологијата."

Член 15

Во член 19 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Центарот на вооружените сили за стратегиски истражувања и студии „Маршал Тито" е училишен центар кој организира и спроведува истражувања од областа на стратегијата на општонародната одбрана и општествената самозаштита, посебно вооружената борба, и оспособува кадри за командување и раководење на стратегиско ниво и за раководење на соодветни работи во областа на општонародната одбрана."

Досегашниот став 4 станува став 5.

Член 16

Во член 22 зборовите: „народната одбрана" се заменуваат со зборовите: „општонародната одбрана".

Член 17

Во член 23 ставот 1 се менува и гласи:

„Воените школи и училишните центри ги основа и укинува Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: Претседателството на СФРЈ)."

Во став 2 зборовите: „Врховниот командант на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Претседателството на СФРЈ".

Член 18

Член 26 се менува и гласи:

„Член 26

Военa школа може да се основа кога потребите на вооружените сили бараат да се школуваат воени старешини и други лица од определена стручност, која не може да се стекне со школување во други школи во СФРЈ, ако се обезбедени неопходен наставен кадар, соодветни простории за настава, средства и други материјални услови за работа на школата и ако постои наставен план и програма на школата."

Член 19

Во член 27 став 1 по зборовите: „воени старешини" се додаваат запирка и зборовите: „односно на други лица".

Член 20

Во член 30 став 1 точка 2 зборовите: „од Генералштабот на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: Генералштаб на ЈНА" се заменуваат со зборовите: „од Генералштабот".

Точка 5 се менува и гласи:

„5) го одобрува организирањето на постдипломски студии во високите воени школи односно во училишните центри и организирањето на вонредно школување во воените школи;".

Во точка 9 зборовите: „врховниот командант на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Претседателството на СФРЈ".

Во став 2 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 21

Во член 31 став 1 зборот: „ЈНА" се брише.

Во став 2 зборовите: „видови вооружени сили", се заменуваат со зборовите: „видови на ЈНА".

Член 22

Член 32 се менува и гласи:

„Член 32

Во Сојузниот секретаријат за народна одбрана се формира Наставно-педагошки совет на ЈНА, кој му дава на сојузниот секретар за народна одбрана мислење и предлози за прашањата од изградбата и развојот на военото школство и воспитнообразовната дејност на воените школи и на училишните центри.

Членовите на Наставно-педагошкиот совет на ЈНА ги именува сојузниот секретар за народна одбрана, од редот на истакнати воени старешини и просветни, научни и други стручни работници од вооружените сили и граѓанството.

Началникот на Генералштабот, по положба, е претседател на Наставно-педагошкиот совет на ЈНА.

Се овластува сојузниот секретар за народна одбрана да ја пропише организацијата и начинот на работата на Наставно-педагошкиот совет на ЈНА."

Член 23

Член 33 се брише.

Член 24

Член 34 се брише.

Член 25

Во член 39 став 3 зборовите: „питомците и на слушателите односно на учениците од тие училишта" се заменуваат со зборовите: „лицата на школување во тие училишта".

Член 26

Во член 56 став 2 зборовите: „на школување" се заменуваат со зборовите: „на редовно школување".

Став 3 се менува и гласи:

„Слушател е лице на школување во командно-штабната школа, во Високата воено-политичка школа на Југословенската народна армија, во Школата за општонародна одбрана или на постдипломски студии, помлад офицер, односно воен службеник на вонредно школување во воена академија и лице на курс или друга форма на усовршување што го организира воената школа односно училишниот центар."

По став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Лицето од граѓанството кое се школува во висока воена школа односно академија, ако за време на школувањето не стекне својство на воено лице, е студент на односната воена школа."

Член 27

Во член 57 став 2 зборовите: „Поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „Прописи".

Член 28

Во член 62 став 2 се менува и гласи:

„Ученикот на општо средно воено училиште што се школува заради продолжување на школувањето во виши воени школи или во воените академии, кога ќе заврши општо средно воено училиште стекнува средно образование и право и должност, под пропишаните услови, да го продолжи школувањето во соодветна воена школа."

Во став 4 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 29

Во член 66 став 3 зборовите: „казните и воспитните мерки" се заменуваат со зборовите: „дисциплинските мерки и дисциплинските казни".

Член 30

Во член 73 став 1 зборовите: „стекнува средно образование" се заменуваат со зборовите: „на родовите и на службите стекнува средно стручно образование".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Лицето што ќе заврши општо средно воено училиште во кое се школувало заради оспособување за вршење на стручни работи стекнува средно стручно образование и соодветен стручен назив."

Член 31

Во член 74 по зборовите: „активни помлади офицери" се додаваат запирка и зборовите: „односно активни воени службеници од IX и VIII класа".

Член 32

Член 75 се менува и гласи:

„Член 75

Во Командно-штабната школа по тактика, во Високата воено-политичка школа на Југословенската народна армија и во Военомедицинската академија на Југословенската народна армија може да биде примен активен офицер кој ги исполнува условите што ќе ги пропише сојузниот секретар за народна одбрана.

Во Командно-штабната школа по оператика и во Школата за општонародна одбрана може да биде примен активен офицер кој завршил некоја од школите од став 1 на овој член или постдипломски студии или кој стекнал научно звање доктор во областа на воените науки.

Под условите предвидени со овој закон и со прописите што ги донесува сојузниот секретар за народна одбрана, во школите од ст. 1 и 2 на овој член можат да се школуваат и усовршуваат и лица од резервниот состав на вооружените сили и други лица што вршат соодветни работи од значење за вооружените сили."

Член 33

Во член 77 ст. 3 и 4 зборот: „воен" се брише.

Член 34

По член 77 се додава нов член 77а, кој гласи:

„Член 77а

Одредбите на овој закон што се однесуваат на питомците на виши и високи воени школи се применуваат и на студентите (член 56 став 5), ако со овој закон не е поинаку пропишано.

На студентите не се однесуваат одредбите на член 62 став 1, на член 66 став 2 и на член 69 став 1 точка 2 и став 2 од овој закон.

Воспитно-поправните мерки што им се изрекуваат на студентите поради непридржување кон школскиот ред и дисциплината се пропишуваат со правилникот на воената школа, а одговорноста на студентите за тие повреди се утврдува во постапка што е пропишана за питомците на односната воена школа."

Член 35

Во член 80 став 5 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 36

Во член 81 став 1 зборовите: „на вооружените сили воени кадри" се заменуваат со зборовите: „воени и други кадри за потребите на вооружените сили".

Член 37

Член 83 се менува и гласи:

„Член 83

Наставата се изведува во текот на учебната година. Учебната година во средните воени училишта има две полугодија, а во вишите и високите воени школи се дели на семестри. Почетокот и завршетокот на учебната година во воените школи се определува со основите на наставните планови и програми.

Времето на почетокот на наствата во воените школи и траењето на полугодието, семестарот, училишниот и семестралниот распуст се определуваат со правилникот на школата односно на училишниот центар, во согласност со овој закон и со основите на наставните планови и програми."

Член 38

Во член 87 зборовите: „со правилникот на школата односно на училишниот центар" се заменуваат со зборовите: „со основите на наставните планови и програми", а зборовите: „на земјиште" - се бришат.

Член 39

Член 96 се менува и гласи:

„Член 96

Општиот успех на питомците и на учениците на средните воени училишта, на крајот на школувањето, се заклучува со една од оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1).

Општиот успех на крајот од школувањето се утврдува врз основа на општиот успех на крајот од секоја учебна година, оценката од завршниот испит и оценките за поведението.

Начинот на утврдувањето на општиот успех се пропишува со правилник на школата односно на училишниот центар. Со тој правилник може да се пропише оценката која мора да се има од одделни наставни предмети за да се постигне определен општ успех.

Општиот успех на питомецот односно на ученикот што се упатува на полагање на поправен испит, се утврдува по полагањето на тој испит."

Член 40

Во член 100 став 1 по зборовите: „во вооружените сили" се додаваат запирка и зборовите: „односно за вршење на стручни работи за кои се школуваат".

Став 2 се менува и гласи:

„Завршниот испит се состои, по правило, од изработка и одбрана на испитен труд и од полагање на посебни испити. Посебните испити се полагаат во средните воени училишта на родовите и службите од два военостручни предмета, а во општите средни воени училишта од два

предмета предвидени со наставниот план и со програмата на завршниот дел на школувањето."

Став 3 се брише.

Досегашните ст. 4 и 5 стануваат ст. 3 и 4.

Член 41

Во член 104 став 1 зборовите: „се полагаат испити по секој" се заменуваат со зборовите: „се полагаат испити, по правило, од секој".

Во став 2 по зборовите: „дипломски испит" се додаваат зборовите: „покрај редовно следење на успехот во текот на школувањето."

Член 42

Во член 106 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Со правилникот на воената школа односно на училишниот центар се определуваат испитните рокови, начинот на полагање на испитите и составот на комисијата од ст. 2 и 3 на овој член."

Член 43

Член 107 се менува и гласи:

„Член 107

Општиот успех на питомците и на слушателите на вишите и високите воени школи, по положениот дипломски испит, се заклучува со една од оценките: одличен, многу добар, добар и доволен.

Општиот успех од став 1 на овој член се утврдува врз основа на оценката од дипломскот испит и оценките од испитите од наставните предмети определени со правилникот на воената школа односно на училишниот центар.

Со правилникот на школата односно на училишниот центар можат да се пропишат наставните предмети од кои мора да се има соодветна оценка за да се постигне определен општ успех."

Член 44

Член 109 се менува и гласи:

„Член 109

На крајот на школувањето, врз основа на општиот успех и редовното следење во текот на школувањето, на питомецот односно на слушателот му се дава описна оценка во која се наведуваат податоци за неговата оспособеност за определени доложности и работи и за посебните склоности прајавени во текот на школувањето, мислење за тоа кои должности и работи најдобро би ги вршел и други податоци од значење за неговиот развој во активната воена служба.

Се овластува сојузниот секретар за народна одбрана да ги пропише постапката и начиниот за давање на описната оценка од став 1 на овој член."

Член 45

Во член 110 став 1 зборовите: „настава за стекнување на академски степен магистер, односно специјалист (во натамошниот текст: постидипломски студии)" се заменуваат со зборавите: „постдипломски студии".

Во став 3 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 46

Во член 111 став 7 зборовите: „командно-штабна академија или Школа за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „командно-штабна школа, Висока военo-политичка школа на Југословенската народна армија или Школа за општонародна одбрана".

По став 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„На лицето кое ќе ги заврши со успех постдипломските студии за стекнување на академски назив магистер може да му се признае делот од програмата на тие студии како дел од програмата за командно-штабната школа, Високата военo-политичка школа на Југословенската народна армија односно за Школата за општонародна одбрана, ако се поклопуваат содржините на програмите. Школувањето на тие лица во тие школи може да трае пократко од времето предвидено со одредбите на член 15 став 3, член 16 став 2 и член 17 став 2 од овој закон."

Член 47

Во член 115, на крајот, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а во Центарот на вооружените сили за стратегиски истражувања и студии „Маршал Тито" - докторат на воени науки."

Член 48

Во член 125 точка 2 зборовите: „да ја следат" се заменуваат со зборовите: „редовно да ја следат".

Член 49

Во член 127 став 2 по зборовите: „се распишува" се додаваат зборовите: „така што постапката за избор на наставници да се заврши".

Член 50

Во член 147 став 1 зборовите: „што ги води Советот" се заменуваат со зборовите: „врз основа на одлуката на Советот".

Став 2 се менува и гласи:

„Сојузниот секретар за народна одбрана ја определува воената установа што ќе го води регистарот од став 1 на овој член и донесува прописи за тој регистар и за условите и постапката на упис во регистарот."

Член 51

Во член 149 став 4 се менува и гласи:

„Како лица што се занимаваат со научноистражувачка работа, во смисла на одредбите на став 2 од овој член, се сметаат и соработниците на научната установа на ЈНА односно на научната единица на ЈНА, кои работат врз реализирањето на проектите на таа установа односно единица."

Член 52

Во член 151 став 5 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 53

Во член 152 став 2 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 54

Називот на оддел 4 се менува и гласи:

„4. Планирање на научноистражувачката работа во ЈНА".

Член 55

Во член 156 по зборовите: „начуна и развојна работа во ЈНА" се заменуваат со зборовите: „научноистражувачка работа во ЈНА, а се остварува преку годишните и други соодветни планови за научноистражувачка работа во ЈНА".

Член 56

Во член 157 зборовите: „начуна и развојна работа" се заменуваат со зборовите: „научноистражувачка работа".

Член 57

Во член 158 ст. 1 и 2 зборовите: „научна и развојна работа се заменуваат со зборовите: „научноистражувачка работа".

Став 3 се менува и гласи:

„Се овластува сојузниот секретар за народна одбрана да донесе прописи за планирањето, организирањето и спроведувањето на научноистражувачката работа во ЈНА."

Член 58

Во член 159 зборовите: „научна и развојна работа" се заменуваат со зборовите: „научноистражувачка работа".

Член 59

Во член 160 ст. 1 и 2 зборовите: „научна и развојна работа" се заменуваат со зборовите: „научноистражувачка работа".

Член 60

Член 164 се менува и гласи:

„Член 164

Во Советот за научна работа се именуваат воени старешини кои раководат со научаноистражувачката работа и други стручни и научни работници, како и делегати што ги делегираат републичките односно покраинските самоуправни интерсни заедници за наука."

Член 61

Во член 166 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 62

Во член 167 став 2 зборовите: „Поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „Прописи".

Член 63

Во член 174 став 2 зборовите: „поблиски прописи" се заменуваат со зборот: „прописи".

Член 64

Член 175 се брише.

Член 65

На лицето што до денот на влегувањето во сила на овој закон завршило командно-штабна академија му се признава завршена командно-штабна школа по тактика заради распоредување на соодветни должности во вооружените сили и напредување во активната воена служба.

Член 66

На лицата што до денот на влегувањето во сила на овој закон завршиле Воена школа на ЈНА или Школа за народна одбрана им се признава завршена школа за општонародна одбрана заради распоредување на соодветни должности во вооружените сили и напредување во активната воена служба.

Член 67

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

637.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ И ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и за утврдување и распоредување на приходот што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година.

П бр. 619
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ И ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ

Член 1

Во Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и за утврдување и распоредување на приходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/84, 39/85, 70/85 и 34/86) во член 112д на крајот се додаваат зборовите: „со парична казна од 50.000 до 250.000 динари".

Член 2

По член 112д се додаваат три нови члена кои гласат:

„Член 112ѓ

Основната организација на здружен труд, производител на земјоделска опрема која им дава свои готови производи на привремено користење на други општествени правни лица е должна да ги надомести материјалните трошоци и трошоците за амортизација што се пресметани врз товар на обртните средства во смисла на член 29 став 1 од овој закон во делот кој му одговара на учеството на наплатениот надомест за привременото користење на готовите производи во продажната вредност на тие производи.

Член 112е

По исклучок од одредбите на член 9 став 1 точка 4 на овој закон, износите наплатени по основ на поврат на даночните и други давачки остварени во врска со извозот на производи, стоки и услуги во 1986 година, во согласност со одредбите на чл. 11 и 12 на овој закон, основната организација ги внесува во деловниот фонд со намена за трајни обртни средства или во резервниот фонд, над процентот утврден со закон.

Износите од став 1 на овој член што се внесени во деловниот фонд со намена за трајни обртни средства или во резервниот фонд, над процентот утврден со закон, се сметаат како средства издвоени за акумулација во смисла на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Одредбите на став 1 од овој член не се применуваат врз износите наплатени по основ на поврат на даночните и други давачки остварени во врска со извозот на производи, стоки и услуги во 1986 година што со пропис на републиката односно на автономната покраина ќе се изземат од основицата за пресметка на даноците и придонесите од доходот.

Ако основната организација во завршната сметка за 1986 година утврди загуба во работењето, износот од став 1 на овој член што го внела во деловниот фонд со намена за трајни обртни средства може да го користи за покритие на загубата.

Член 112ж

Со парична казна од 100.000 до 5,000.000 динари ќе се казни за стопански престап основната организација или друга организација на здружен труд ако износот од повратот на даночните и други давачки не го внесе во деловниот фонд или во резервниот фонд (член 112е став 1).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во основната организација или во друга организација на здружен труд со парична казна од 50.000 до 250.000 динари."

Член 3

Одредбите на член 112е од Законот се применуваат од 1 јули 1986 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

638.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО КРЕДИТИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА КОИ ФЕДЕРАЦИЈАТА ДАЛА ГАРАНЦИЈА ИЛИ СУПЕРГАРАНЦИЈА И ПО КРЕДИТИТЕ ОД МЕЃУДРЖАВНИ СПОГОДБИ

Се прогласува Законот за начинот и условите за извршување на обврските по кредитите од меѓународни финансиски организации за кои федерацијата дала гаранција или супергаранција и по кредитите од меѓудржавни спогодби, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 620
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО КРЕДИТИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА КОИ ФЕДЕРАЦИЈАТА ДАЛА ГАРАНЦИЈА ИЛИ СУПЕРГАРАНЦИЈА И ПО КРЕДИТИТЕ ОД МЕЃУДРЖАВНИ СПОГОДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и условите за извршување на обврските по кредитите од меѓународни финансиски организации за кои федерацијата дала гаранција или супергаранција и по кредитите од меѓудржавни спогодби во случаи кога корисникот на кредитот не ја изврши на време втасаната обврска.

Член 2

Организациите на здружен труд и други општествени правни лица корисници на кредитите од овој закон се должни, во рокот на втасаноста на обврските да и ја уплатат динарската противвредност на втасаната обврска на банката овластена за работи со странство (во натамошниот текст: овластената банка) преку која е извршена регистрација на кредитот кај народната банка на републиката односно на автономната покраина.

Член 3

За извршување на обврската по кредитот кој го користат повеќе организации на здружен труд и други општествени правни лица (во натамошниот текст: заемопримачот), динарската противвредност ја обезбедува секој корисник на кредитот во височина на припаѓачкиот дел на ануитетите.

Динарската противвредност од став 1 на овој член корисниците на кредитот и ја дозначуваат на банката од член 2 на овој закон.

Член 4

Ако заемопримачот не и ја уплати, во рокот на втасаноста на обврската, динарската противвредност на банката од член 2 на овој закон, таа банка, ако е гарант, ќе ја изврши втасаната обврска од средствата со кои располага.

Овластената банка која, во смисла на став 1 од овој член, извршила обврска наместо заемопримачот има право на поврат на средствата, како и на каматата и другите трошоци настанати поради ненавременото полагање на динарската противвредност од страна на заемопримачот.

Височината на каматата од став 2 на овој член за првите 10 дена од денот на втасувањето на обврската спрема странство се пресметува по годишна каматна стапка која и одговара на затезната камата што ја утврдува Сојузниот извршен совет, во смисла на член 277 став 2 од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/78 и 39/85), за наредните 10 дена зголемена за 40%, а потоа зголемена за 80%.

Овластената банка од став 1 на овој член ќе и издаде налог на Службата на општественото книговодство на Југославија да ја блокира жиро-сметката на заемопримачот, како и налог да се изврши пренос на динарските средства од жиро-сметката на заемопримачот на нејзината сметка по истекот на 30 дена од плаќањето на обврската, но не подоцна од 60 дена.

Ако овластената банка не е гарант по односниот кредит, таа и издава налог на Службата на општественото книговодство на Југославија за блокада на жиро-сметката на организацијата на здружен труд корисник на кредитот, го известува за тоа надлежниот републички односно покраински секретаријат за финансии кој е должен, во рок од 5 дена на овластената банка да и дозначи динарска противвредност на втасаната обврска и за тоа да го извести сојузниот орган на управата надлежен за финансии.

Член 5

Ако втасаната обврска по странски кредит за која федерацијата дала гаранција или супергаранција или друга форма на гарантирање и по кредити од меѓудржавни спогодби не е намирена на еден од начините од член 4 на овој закон, Народната банка на Југославија ќе ја изврши обврската по кредитот врз основа на писмен налог од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Ако обврската по странскиот кредит за кој федерацијата дала гаранција или супергаранција се плаќа врз основа на налог од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за рботи на финансиите, а не се положи динарска противвредност, Народната банка на Југославија ќе ја задолжи федерацијата за износот на неуплатената динарска противвредност со наплата на камата по годишната есконтна стапка на Народната банка на Југославија.

Член 6

Федерацијата во случајот од член 5 на овој закон од републиката односно од автономната покраина на чија територија е крајниот корисник на кредитот ќе ја наплати динарската противвредност на намирената обврска, како и каматата и другите трошоци настанати поради задолжувањето кај Народната банка на Југославија, со тоа

што каматата се пресметува за првите 10 дена во височина на годишната каматна стапка од член 5 став 2 на овој закон, зголемена за наредните 10 дена за 40%, а потоа за 80%.

Член 7

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе и издаде налог на Службата на општественото книговодство на Југославија да ги пренесе во корист на буџетот на федерацијата динарските средства во височина на извршеното плаќање зголемено за пресметаната камата од сметката на приходите на републиката односно на автономната покраина на чија територија е седиштето на заемопримачот.

Член 8

Републичкиот односно покраинскиот функционер кој раководи со републичкиот односно со покраинскиот орган на управата надлежен за работи на финансиите, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе и издаде налог на Службата на општественото книговодство на републиката односно на покраината да пренесе во корист на сметката на приходите на републиката односно на покраината динарски средства во височина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците, од сметката на овластената банка на гарантот односно на организацијата на здружен труд на корисникот на кредитот.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

639.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за системот на општествената контрола на цените што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 622
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

Член 1

Во Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84) во член 15 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Сојузниот извршен совет може да пропише за кои производи и услуги организациите на здружен труд се должни да му доставаат на надлежниот орган за цени и на организациите на здружен труд - купувачи на тие производи односно корисници на тие услуги известување за цените пред почетокот на продажбата по тие цени и рокот во кој се должни да го доставаат тоа известување."

Член 2

Во член 24 став 2 по зборовите: „воздушниот сообраќај" се додаваат зборовите: „и аеродромски".

Член 3

По член 25 се додава нов член 25а, кој гласи:

„Член 25а

При пропишувањето на мерките за непосредна контрола на цените - враќање на цените на определено ниво, разликата во цената за производите на залихи ја поднесува организацијата на здружен труд - производител на тие производи, ако со организацијата на здружен труд - купувач не се спогодила поинаку."

Член 4

По поглавјето IV - Казнени одредби, се додава нов член 27а, кој гласи:

„Член 27а

Одговорното лице во организацијата на здружен труд, во друга самоуправна организација или заедница кое, во рамките на своите права, должности и одговорности, не го предупреди надлежниот орган дека донесува акт спротивен на прописите за мерките за непосредна контрола на цените на производите и услугите од интерес за целата земја односно не ја запре примената на таквиот акт, ќе се казни за кривично дело со казната затвор од една до пет години."

Член 5

Во член 28 став 1 точка 3 по зборовите: „контрола на цените" се додаваат зборовите; „односно ако ги продава односно ги врши по цени повисоки од цените формирани врз основа на тие мерки".

Член 6

Во член 29 став 1 по точка 2 се додаваат две нови точ. 3 и 4 кои гласат:

„3) ако за определени производи и услуги не му достави на надлежниот орган за цени известување за цените заради следење (член 15 став 1);

4) ако за определени производи и услуги не достави известување за цените пред почетокот на продажбата по тие цени, или не ги доставаат во рокот во кој биле должни да го доставаат тоа известување до надлежниот орган за цени и до организацијата на здружен труд - купувач на тие производи односно корисник на тие услуги (член 15 став 2)."

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

640.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива,

средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 623
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/86) во член 14 став 1 на крајот се додаваат зборовите: „и износот на средствата за квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка наменето за есенската сеидба во 1986 година".

Во став 2 на крајот се додаваат зборовите: „и за регрес за квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка".

Во став 4 се става запирка и се додаваат зборовите: „а височината на регресот за квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка - 20% на цената на производителот на тоа семе формирана во време на сеидбата".

Во став 5 по зборовите: „вештачки ѓубрива" на крајот се става запирка и се додаваат зборовите: „а за квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка организациите на здружен труд што се занимаваат со производство односно со промет на тоа семе", а по зборовите: „за сите количества вештачки ѓубрива" се додаваат зборовите: „и квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка".

Член 2

Во член 15 став 1 по зборовите: „производителите на вештачки ѓубрива", се додаваат зборовите: „и организациите на здружен труд што се занимаваат со производство односно со промет на квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка".

Во став 3 на крајот се додаваат зборовите: „и за квалитетно сортно семе на пченица и маслодајна репка".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

641.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ШТО ПРИВРЕМЕНО СЕ КОРИСТЕНИ ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за поврат на средствата на општествено - политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници што привремено се користени за интервенции во стопанството што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година.

П бр. 624
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ШТО ПРИВРЕМЕНО СЕ КОРИСТЕНИ ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Износот на средствата што врз основа на прописи на републиките односно на автономните покраини или на сојузен закон се уплатени до денот на влегувањето на овој закон во сила односно што ќе бидат уплатени во 1986 година од вишоците на приходите на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници односно пренесени на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија, федерацијата ќе им го врати на уплатувачите на тие средства најдоцна до 30 март 1987 година.

На уплатените односно на пренесените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници од став 1 на овој член не се плаќа камата.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

642.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 24 јули 1986 година.

П бр. 625
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/80, 25/81, 66/81, 28/83, 20/84, 7/85, 39/85 и 9/86) во член 24 по зборот: „работат" се додаваат зборовите: „и во основните организации на здружен труд што вршат дејност на производство на морска сол, полјоделство, земјоделски услуги за растително производство, високоградба и нискоградба, ако во претходната година не искажале загуба во работењето и ако во првото полугодие на таа година остариле под 35% од вкупниот приход".

Член 2

Во член 49 ставот 2 се заменува со четири нови става, кои гласат:

„Ако основната организација непокриената загуба, што ја искажала во завршната сметка за претходната година, ја покрие во постапка на санација, од денот кога ќе ја покрие загубата со прием на средства без обврска за враќање односно со отпис на побарувања од страна на доверителот ги исплатува аконтациите на личните доходи во согласност со својот самоуправен општ акт.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, со самоуправна спогодба односно со договор што се скучува помеѓу санаторот и основната организација која се санира, може да се уреди до која височина се исплатуваат личните доходи на работниците во основната организација која се санира во периодот додека основната организација не утврди дека во текуштата година работи без загуби.

Ако основната организација непокриената загуба ја надомести со санационен кредит, додека не утврди дека во текуштата година работи без загуби, може да ги исплатува аконтациите на личните доходи најмногу до височината на просечниот месечен чист личен доход исплатен по еден работник за претходната година во таа организација.

По исклучок од одредбата на став 4 од овој член, организацијата на здружен труд, банката односно друго општествено-правно лице кое на основната организација ѝ ја надоместило загубата со санационен кредит, со самоуправна спогодба за меѓусебните односи во санацијата односно со договор за санационот кредит, за периодот додека основната организација не утврди дека во текуштата година работи без загуби, може да одобри зголемување на просечниот месечен чист личен доход од став 4 на овој член најмногу до 75% од растежот на исплатените аконтации на чистите лични доходи по еден работник во областа на стопанството на територијата на републиката односно на автономната покраина во текуштата година во однос на просечниот чист личен доход исплатен по еден работник во претходната година."

Во став 3, кој станува став 6, зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 1 до 5".

Член 3

Во член 221в став 1 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „став 5".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

643.

Врз основа на член 322 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со Амандман IV точка 1 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се прогласува дека:

– за член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е избран Хамдија Поздерац, од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина,

Миланко Реновица е по положај член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

2. Се објавува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:

– од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Хамдија Поздерац;

– од Социјалистичка Република Македонија, Лазар Мојсов;

– од Социјалистичка Република Словенија, Стане Доланц;

– од Социјалистичка Република Србија, Никола Љубичиќ;

– од Социјалистичка Република Хрватска, Јосип Врховец;

– од Социјалистичка Република Црна Гора, Веселин Ѓурановиќ;

– од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Радован Влајковиќ;

– од Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Синан Хасани; и

– Миланко Реновица, како претседател на Претседателството на Централниот комитет за Сојузот на комунистите на Југославија.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 67
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

644.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 23 од Општествениот договор и основите на стратегијата на технолошкиот развој во СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО ОДБОРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСНОВИТЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ ВО СФРЈ

За претставник на Собранието на СФРЈ во Одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор

за основите на стратегијата на технолошкиот развој во СФРЈ се избира Ѓорѓе Јанковиќ, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 74
24 јули 1986 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

645.

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 12 став 2 од Законот за Сојузниот суд, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА СУДИИ-ПОРОТНИЦИ НА СОЈУЗНИОТ СУД

За судии-поротници на Сојузниот суд се избираат:

1. Мирко Аврамовски, предавач на Економскиот факултет во Скопје;
2. Радован Бакиќ, досегашен заменик на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во пензија;
3. Миро Вигеле, дипломиран правник, раководител на Одделението за меѓународно-правни работи на ООЗТ „Лек" Љубљана;
4. Душко Георгиев, претседател на Судот на здружениот труд на Македонија во пензија;
5. д-р Момир Драгашевиќ, професор на Правниот факултет во Титоград;
6. Емин Дукатар, член на Работоводниот одбор на СОЗТ „Шипад" Сараево;
7. Маријан Ерхартиќ, помошник на републичкиот секретар за финансии на СР Хрватска;
8. Мила Ерцеговац, заменик на гувернерот на Народната банка на Војводина;
9. Ѓојко Илиќ, потпретседател на Работоводниот одбор на Стопанската банка Сараево - Здружена банка;
10. Дурак Јашари, член на Работоводниот одбор на СОЗТ - Металска индустрија во Приштина;
11. Михаило Јевтиќ, досегашен републички секретар во Извршниот совет на Собранието на СР Србија, во пензија;
12. д-р Емил Јурковиќ, судија на Врховниот суд на Хрватска, во пензија;
13. Божидар Костиќ, потпретседател на СОЗТ „Косово";
14. Радивое Љумовиќ, заменик на секретарот на Собранието на СР Црна Гора;
15. Атанас Мичев, досегашен заменик на републичкиот секретар за финансии на СР Македонија;
16. д-р Стево Мијатовиќ, член на Работоводниот одбор на СОЗТ „Електростопанство на Босна и Херцеговина";
17. Мартин Михевц, дипломиран економист, стручен соработник во Народната банка на Југославија;
18. Томаш Павличиќ, судија на Судот на здружениот труд на СР Црна Гора;
19. Јелена Раштегорац, досегашен судија на Врховниот суд на Србија, во пензија;
20. Богомил Цота, помошник на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во Загреб;
21. Душан Шупут, судија на Врховниот суд на Војводина, во пензија.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 77
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

646.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5, член 279 ст. 1, 3 и 5 и член 286 став 2 точ. 2 и 5 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 4 од Законот за покритие на курсните разлики по странските кредити Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ ЗА 1986 ГОДИНА

1. Приходите на претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1986 година се утврдуваат во износ од 145,6 млрд. динари.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се обезбедат од следните извори:

1) придонес на републиките и автономните покраини	42,63 млрд. дин.
2) дел од царина и други увозни давачки	20 млрд. дин.
3) дел од такса на плаќањата спрема странство	67,97 млрд. дин.
4) дел од приходот на Народната банка на Југославија	10,00 млрд. дин.
5) други приходи утврдени со сојузен закон	5,00 млрд. дин.

2. Расходите на претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити се утврдуваат во износ од 145,6 млрд. динари.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат за:

1) делумно покритие на реализираните курсни разлики по странски конвертирани кредити	107,1 млрд. дин.
2) делумно покритие на реализираните курсни разлики по странски стоковни кредити	36,0 млрд. дин.
3) делумно покритие на курсните разлики по определени намирени девизни побарувања	2,5 млрд. дин.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 752
24 јули 1986 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

647.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5, член 279 ст. 1, 3 и 5 и член 286 став 2 точ. 2 и 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 2 и 12 од Законот за привремените мерки за покривање на курсните разлики кај Народната банка на Југославија и за пренесување врз федерацијата на дел од побарувањата по билансот на девизните резерви кај Народната банка на Југославија Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1986 ГОДИНА

1. Приходите на претсметката на приходите и расходите на девизните резерви кај Народната банка на Југославија за 1986 година се утврдуваат во износ од 390.000,000.000 динари.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се обезбедат од следните извори:

1) Пренесени побарувања на федерацијата за реализираните курсни разлики во 1986 година што се однесуваат на периодот до 31 декември 1985 година	97.000,000.000 динари
2) Реализирани позитивни курсни разлики кај Народната банка на Југославија по девизните резерви и по клириншкото работење	200.000,000.000 динари
3) Камати по кредитите дадени на банките врз основа на депонираните девизи на граѓаните кај Народната банка на Југославија	70.000,000.000 динари
4) Дел од каматата на кредитите од примарната емисија	23.000,000.000 динари
а) од делот што ѝ припаѓа на Народната банка на Југославија	10.000,000.000 динари
б) од делот кој претставува приход на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини	13.000,000.000 динари

2. Расходите на претсметката на приходите и расходите на девизните резерви кај Народната банка на Југославија за 1986 година се утврдуваат во износ од 390.000,000.000 динари.

Средствата од став 1 на оваа точка, ќе се користат за:

1) Реализираните текушти курсни разлики за периодот до 31 декември 1985 година по отплатата на странските кредити на Народната банка на Југославија во 1986 година	97.000,000.000 динари
2) Реализираните текушти курсни разлики од 1 јануари 1986 година по отплатите на кредитите на Народната банка на Југославија во 1986 година	90.000,000.000 динари
3) Реализираните курсни разлики по отплатите на странските кредити на организациите на здружен труд врз основа на договорните обврски на Народната банка на Југославија	10.000,000.000 динари
4) Реализираните курсни разлики според намаленото девизно штедење повлечено од депозит кај Народната банка на Југославија	15.000,000.000 динари
5) Реализираните курсни разлики по повлечените девизни депозити на организациите на здружен труд кај Народната банка на Југославија	3.000,000.000 динари
6) Камата на депонираното девизно штедење на граѓаните кај Народната банка на Југославија	175.000,000.000 динари

3. Приходите од точка 1 одредба под 3) на оваа одлука се остваруваат од каматата што банките ѝ ја плаќаат на Народната банка на Југославија на искористениот износ на кредитот добиен врз основа на депонираните девизи на граѓаните кај Народната банка на Југославија, а по каматна стапка, на начин и во рокови што ги утврдува Сојузниот извршен совет, во согласност со чл. 10 и 13 од Законот за привремените мерки за покривање на курсните разлики кај Народната банка на Југославија и за пренесување врз федерацијата на дел од побарувањата по билансот на девизните резерви кај Народната банка на Југославија.

4. Приходите од точка 1 одредба под 4а) на оваа одлука, Народната банка на Југославија ги пренесува од делот на своите приходи за 1986 година тримесечно во еднакви тримесечни износи, почнувајќи од 1 јули 1986 година.

Приходите од одредбата под 4б) на оваа одлука народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ги пренесуваат од делот на каматата на кредитите од примарната емисија остварена во 1986 година, тримесечно во еднакви тримесечни износи почнувајќи од 1 јули 1986 година. Начинот на утврдување на делот од учеството на одделните народни банки на републиките и народни банки на автономните покраини поблиску ќе го регулира Народната банка на Југославија, така што да се обезбеди износот на приходите од одредбата под 4б) на оваа одлука.

5. Расходите од точка 2 одредба под 6) на оваа одлука се остваруваат со плаќање камата на банките на износот на динарските обврски на Народната банка на Југославија по депонираните девизи на граѓаните, а според каматна стапка, на начин и во рокови што ги утврдува Сојузниот извршен совет, според точка 3 од оваа одлука.

6. Остварениот вишок на приходи според билансот на приходите и расходите на девизните резерви кај Народната банка на Југославија за 1986 година се пренесува во наредната година, како приход на претсметката за 1987 година, а настанатото пречекорување според претсметката претставува обврска за покривање по претсметката за 1987 година.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 59
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с.р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с.р.

648.

Врз основа на член 279 став 5, член 281 став 1 точка 18 и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 4 и 14 од Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕГРЕС ЗА КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ НА ПЧЕНИЦА И МАСЛЕНА РЕПКА ЗА ЕСЕНСКАТА СЕИДБА ВО 1986 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат средствата за регрес за квалитетно сортно семе на пченица и маслена репка за есенската сеидба во 1986 година во износ од 8.500,000.000 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се обезбедуваат: една третина од изворните приходи на федерацијата во износ од 2.830,000.000 и две третини од придонесот на републиките и на автономните покраини во износ од 5.670,000.000 динари.

3. Придонесот на републиките и на автономните покраини од точка 2 на оваа одлука изнесува, и тоа:

СР Босна и Херцеговина	759,780.000
СР Македонија	328,860.000
СР Словенија	861,840.000
СР Србија, надвор од територијите на автономните покраини	1.360,800.000
САП Војводина	680,400.000
САП Косово	124,740.000
СР Хрватска	1.440,180.000
СР Црна Гора	113,400.000
Вкупно:	5.670,000.000

4. Републиките и автономните покраини го уплатуваат придонесот од точка 3 на оваа одлука во две еднакви рати и тоа првата рата до 30 септември 1986 година, а втората рата до 30 ноември 1986 година.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 62
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с.р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с.р.

649.

Врз основа на член 279 став 5 и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОБЕЗБЕДЕНИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА ТИТОГРАД - СКАДАР

1. Разликата помеѓу средствата обезбедени со Законот за обезбедување средства за финансирање на Програмата за изградба на југословенскиот дел од железничката пруга Титоград-Скадар во 1982, 1983, 1984 и 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/82, 14/84 и 4/86) и фактичните трошоци за изградба на пругата, во износ од 2.341,839.892 динари ќе и се отстапат на Железничката транспортна организација Титоград, без надомест за купување на две дизел-локомотиви, со што се создаваат услови за нормално одвивање на железничкиот сообраќај по новоизградената пруга Титоград-Скадар.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 64
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

650.

Врз основа на член 288 став 1 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 13 став 3 од Законот за Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СОЈУЗЕН ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

За сојузен општествен правобранител на самоуправувањето се именува Ивица Чачиќ, досегашен сојузен општествен правобранител на самоуправувањето.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 65
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

651.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 41 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН И ЗАМЕНИК НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ ВО СФРЈ

За член на Одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила

за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ се избира Вера Радовиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, а за заменик на членот се избира Драгољуб Јакиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 71
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

652.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 11 од Општествениот договор за единствените основи за класификација на занимањата и стручната подготовка, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ОСНОВИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА И СТРУЧНАТА ПОДГОТОВКА

За претставник на Собранието на СФРЈ во Координационионот одбор за спроведување на Општествениот договор за единствените основи за класификација на занимањата и стручната подготовка се избира д-р Ејуб Муезиновиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 72
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

653.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 29 од Општествениот договор за основите на заедничката политика во областа на вработувањето и нивното остварување во СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН И ЗАМЕНИК НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСНОВИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОЛИТИКА ВО ОБЛАСТА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ ВО СФРЈ

За член на Одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор за основите на заедничката политика во областа на вработувањето и нивното остварување во СФРЈ се избира Златко Грабар, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, а за заменик на членот се избира Викторија Поточник, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 73
23 јули 1986 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

654.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 20 од Општествениот договор за организирање на воспитувањето и образованието на граѓаните на СФРЈ на привремена работа и престој во странство, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА СФРЈ ВО СТРАНСТВО

За претставник на Собранието на СФРЈ во Комисијата за воспитување и образование на граѓаните на СФРЈ во странство се избира Тихомир Живковиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 75
23 јули 1986 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

655.

Врз основа на член 287 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со точ. 2 и 4 од Одлуката за бројот на членовите на Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО СОВЕТОТ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ НА ИНФОРМИРАЊЕТО НА СФРЈ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ТОЈ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА НАУЧНИТЕ, СТРУЧНИТЕ И ЈАВНИТЕ РАБОТНИЦИ

1. Во Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ се избираат Рецеп Хамити, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и Лука Брочило, де-

легат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

2. Во Советот на општественоиот систем на информирањето на СФРЈ од редот на научните, стручните и јавните работници се именуваат:

- д-р Момир Ѓуровиќ, професор на Електротехничкиот факултет во Титоград;
- д-р Драган Кецман, член на Советот на Републиката на СР Босна и Херцеговина;
- д-р Здравко Лековиќ, директор на Институтот за новинарство во Белград;
- Радо Ротер, потпретседател на Комисијата на Собранието на СР Словенија за информирање;
- Емин Салих, претседател на Комисијата за информирање на Собранието на СР Македонија;
- д-р Велимир Сриќа, претседател на Републичкиот комитет за наука, технологија и информатика на СР Хрватска;
- Стеван Вребалов, член на Покраинскиот извршен совет на Собранието на САП Војводина.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 76
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

656.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и на член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1986 ГОДИНА

Се потврдува Одлуката за финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1986 година, што ја донесе Сојузниот извршен совет на 23 јули 1986 година.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 79
24 јули 1986 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

657.

Врз основа на член 281 точка 18 до Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 14 став 2 од Законот за Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"

Се дава согласност на Статутот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", што го усвои Работната заедница на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" на референдумот одржан на 26 март 1986 година.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 755
23 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот Собор,
Милка Такева-Григориевиќ, с. р.

658.

Врз основа на член 19 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83 и 12/85 и член 5 од Одлуката за надоместите на личните доходи и другите примања на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77 и 62/77), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Во Одлуката за износот на дневниците на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/86) во точ. 1 и 2 износот „2.200" се заменува со износот „3.100".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 114-44/86-013
23 јули 1986 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Емин Добарџиќ, с. р.

659.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83 и 12/85), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 23 јули 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА

1. Во Одлуката за износот на месечниот надомест на трошоците за вршење на функцијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85 и 9/86), во точка 1 износот „8.800" се заменува со износот „12.400".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 114-45/86-013
23 јули 1986 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Емин Добарџиќ, с. р.

660.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, на седницата од 24 и 25 јули 1986 година, го разгледа материјалот „Извештај за остварувањето на политиката на цените утврдена во Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година во 1986 година" и, врз основа на извршената расправа, Соборот оценува дека се заострува и продлабочуваат неповолните тенденции во стопанските движења, се продлабочуваат нарушувањата во финансискиот систем и се влошуваат условите за поефикасно спроведување на утврдената развојна и економска политика. Тоа се прејавува преку неостварувањето на утврдените цели и задачи во општествено-економскиот развој за оваа година на некои клучни сектори на општествената репродукција, а особено преку забрзан и стихиен растеж на цените и на вкупната инфлација, опаѓање на извозот, забавување на растежот на производството и натамошно зголемување на финалната побарувачка и потрошувачка над утврдените рамки и реалните материјални можности на земјата.

Врз основа на член 118 од Деловникот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, врз основа на изнесените оцени, Собранието на СРФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 јули 1986 година, ги донесе следниве

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ им дава поддршка на досега преземените, како и на предложените мерки на Сојузниот извршен совет, што имаат за цел запирање на неповолните трендови во реализацијата на усвоената економска политика. При тоа, Соборот укажува на неопходноста од нивното доследно и ефикасно спроведување, за да се обезбеди во наредниот период на оваа година да се забави растежот на цените и да се намали стапката на инфлацијата, во согласност со утврдените определувања на антиинфлационата политика.

2. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ смета дека предвидените цели на економската политика до крајот на оваа година можат да се остварува со доследно, ефикасно и координирано спроведување на сите донесени и предвидени мерки на сите нивоа. Во врска со тоа, Соборот оценува дека е неопходно социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини, како и другите општествено-политички заедници и организациите на здружен труд, во согласност со своите права и одговорности, навремено да ги преземаат соодветните мерки на антиинфлационата политика од својата надлежност.

3. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ оценува дека е неопходно, заради остварување на утврдената антиинфлациона политика, што побргу да се донесат и сите други предвидени мерки во согласност со политиката за остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година утврдена со Резолуцијата за 1986 година, што треба да обезбедат што постабилни услови за стопанисување и да овозможат јакнење на материјалната основа на здружениот труд – со што би се отстранувале подлабоките причини за инфлацијата, и на тој начин би се елиминирал инфлаторниот начин на стопанисувањето.

4. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ укажува дека мораат и понатаму да се создаваат услови цените, по престанувањето на дејството на мерките за непосредна контрола на цените, да се формираат во согласност со системските определувања и пазарните критериуми, што упатуваат на самостојност и одговорност на организациите на здружен труд во формирањето на цените, во односите на меѓусебната зависност, поврзаност и одговорност, на единствениот југословенски пазар.

5. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ смета дека сите субјекти на општествената контрола на цените (почнувајќи од работниците во организациите на здружен труд и во другите самоуправни организации и заедници, стопанските комори и самоуправните интересни заедници, организираните потрошувачи и надлежните органи во сите општествено-политички заедници), во согласност со својата одговорност и надлежност во одлучувањето за цените, треба поактивно и поефикасно да дејствуваат на овој сектор. Затоа е потребно, што побргу да се разработат и да се применат механизмите за општествена контрола на цените заради овозможување на синхронизирано и координирано дејствување на општествената контрола на цените на сите нивоа. Значајна улога во функционирањето на општествената контрола на цените, во најширока смисла, треба да имаат и општествено-политичките организации, на сите нивоа, а особено во организациите на здружен труд.

За таа цел Соборот инсистира на заострување на одговорноста на сите нивоа, при спроведувањето на утврдената политика на цените и донесените прописи во врска со тоа. Во согласност со тоа, неопходно е ефикасно да се применуваат соодветните санкции.

6. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ укажува на потребата од поширока општествена верификација на заедничките елементи за формирање на цените во одделни области (основните производи и услугите во производството на енергија и енергетските суровини и вршењето на услугите на железничкиот и ПТТ сообраќајот и др.) во согласност со определувањата од Долгорочната програма за економска стабилизација и Општественот план на земјата.

7. Заради што поефикасно спроведување на донесените и предложените мерки на економската политика во областа на цените, Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ им препорачува на органите на општествено-политичките заедници и на стопанските комори, во рамките на нивните законски и со други прописи определени овластувања, да преземаат соодветни мерки за доследно спроведување на мерките и акциите во областа на општествената контрола на цените. Соборот оценува дека за оваа цел, покрај другото, е потребно органите на општествено-политичките заедници да преземат итни мерки заради јакнење на органите за цените, како и на инспекциските органи.

Соборот оценува дека е од посебно значење да се преземат такви мерки што ќе обезбедат инспекциските органи поединствено, подоследно и поефикасно да ја вршат својата улога и да ја зголемуваат активноста врз контролата на примената на прописите, посебно во областа на цените, на единствениот југословенски простор.

8. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ го обврзува Сојузниот извршен совет да го следи спроведувањето на мерките на економската полити-

ка за намалување на стапката на инфлацијата и периодично да го известува Соборот за вкупните ефекти од сите преземени мерки, како и да предлага и да презема дополнителни мерки и активности за да се оствари наведената цел.

9. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

Бр. 38-3/86-045
24 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
д-р **Миленко Бојаниќ**, с. р.

661.

Врз основа на член 57 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали издава

НАРЕДБА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МОСТРИТЕ НА РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ ЧИЈ ПРЕГЛЕД МОЖЕ ДА ИМ СЕ ДОВЕРИ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И НА ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

1. Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници од член 57 на Законот за мерните единици и мерилата (во натамошниот текст: овластените организации) можат да ги прегледат следните мостри на референтни материјали, и тоа:

1) за определување на хемискиот состав на:
- руди и минерали;
- цврсти минерални горива (јаглен, кокс и брикет);
- нуклеарни материјали;
- гасови и гасни смеси;
- железо;
- одливки;
- феролегури;
- челик;
- обоени метали и нивни легури;
- стакло, керамика, огноотпорни материјали;
- пластични маси, гума, пластомери;
- биолошки материјали, храна;
- биомедицински, клинички и фармацевтски супстанции;
- нафта и нафтени деривати;
- металоргански соединенија;
- неоргански хемикалии;
- органски хемикалии;

2) за определување на физичките особини на:
- референтни раствори за јонска активност (pH, pD и pX – вредност);
- бензоева киселина за топлота на согорување;
- изолациони материјали и стакло за топлотна спроводност;
- органски супстанции и високочисти метали за точка на топење и точка на мрзнење;
- ќелии за дефиниционски фиксни точки на температурата;
- обоени и неутрални филтри за спектрофотометрија;
- неоргански материјали за специфични површински ефекти (рапавост, дебелина на превлеките);
- еталонски масла и специјални стакла за вискозност;
- органски супстанции и специјални стакла за густина;
- органски супстанции и специјални стакла за индекс на рефракцијата и дисперзијата;
- поликристален алуминиум за модулот на еластичноста;
- полимерни материјали за моларна маса и реолошка особина на полимерот;
- метални мостри за магнетната сусцептибилност и магнетен момент;
- синтетичка гума за феромагнетна резонанца;
- радионуклиди (разни) за активност;
- чисти β – емитери за активност;
- γ – референтни извори за активност;
- референтни радиациони извори за активност;
- 14_C и 13_H супстанции (разни) за активност;
- референтни неутронски извори (разни) за брзина на емисијата на честичките и за енергија;
- референтни раствори и полимерни дискови за диелектрична константа;
- органски и неоргански супстанции за DTA и DSC.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-2694/1
26 јуни 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
Милисав Вончиќ, с. р.

662.

Врз основа на член 99 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85), Советот на гувернерите пропишува

УПАТСТВО

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ ПРИЈАВИ ЗА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПРОМЕТ

1. Во Упатството за пополнување пријави за склучените договори за надворешнотрговски промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/85), во точка 2 став 4 се брише.

2. Во точка 4, во одредбата под 8, втората реченица се брише;

– во одредбата под 14, на крај, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нов став 2 кој гласи:

„Кога е договорен начинот на наплатата кој носи ознака на шифрата од Кодексот на шифри 04, 05 и 06, второто шифрено поле (матичен број на банката) не се пополнува;";

– во одредбата под 16, на крај, точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „а се искажуваат вредносно и во процент;";

– во одредбата под 17, на крај, точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „а се искажуваат вредносно и во процент;";

– во одредбата под 22, на крајот на став 2, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако производите од својот труд ги извезуваат домашни физички лица, во согласност со договорот за деловна соработка и кооперација со соодветна производна организација на здружен труд, во рубриката 22 се запишува називот и седиштето на производната организација на здружен труд со која физичкото лице има склучен договор, во смисла на член 95 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, а во шифреното поле се запишува матичниот број на таа организација на здружен труд;";

– во одредбата под 24 став 4 се брише, а точката на крајот од став 3 се заменува со точка и запирка;

– во одредбата под 25 став 2 се брише, а точката на крајот од ставот 1 се заменува со точка и запирка;

– одредбата 29 се менува и гласи:

„29) во рубриката 29, во шифреното поле со должина од 13 места се запишува вредноста во валута, со два децимала, од делот на опремата и материјалот што се купува

во странство, без увоз во Југославија и директно му се испорачува на купувачот во странство, заради комплетирање на испорачаната опрема или инвестициониот објект што се гради во странство";

– во одредбата под 35 став 5 се менува и гласи:

„Сходно на одредбата од член 48 на Законот за кредитните односи со странство, во забелешката на пријавата за склучен договор треба да се запише следното: „назив и седиште на увозникот, број и датум на пријавата за склученото договор за увоз и број и датум на договорот за определен стоковен кредит склучен помеѓу овластена банка и организација на здружен труд".

3. Во точка 6 на крајот на став 2 бр.: „23, 24 и 25" се бришат.

4. Во точка 7, Пријава II, во одредбата под 4, на крај, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нова реченица која гласи: „Кога не се вградува домашен материјал, оваа рубрика не се пополунува;".

5. Во точка 11 одрердбата под 2 се менува и гласи:

„2) рубриките 9, 11, 16, 24, 25, 26 и 28 не се пополнуваат";

– во одредбата под 3 точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нова реченица која гласи: „Кога не се вградуваат стоки од домашно потекло оваа рубрика не се пополнува";

– на крајот на одредбата под 6 точката се заменува со точка и запирка и се додава нова одредба под 7 која гласи:

„7) кога наплатата се врши во нетрансферабилна (локална) валута, како шифра на валутата на наплатата се зема шифрата на земјата од Кодексот на шифрите на која тоа и е национална валута (на пример за либискиот динар шифра е 321, што е и шифра за Либија)".

– во одредбата под 6 после став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на точка 11 кога наплатата е во нетрансферабилна (локална) валута, второто шифрено поле на рубриката 14 (матичен број на банката) не се пополнува.";

досегашните ст. 2, 3, 4 и 5 стануваат ст. 3, 4, 5 и 6.

– во став 5 што станува став 6 во седмиот ред одоздола бројката: „10" се заменува со бројката: „11", а во четвртиот ред одоздола бројката: „35" се заменува со бројката: „38".

6. во точка 14 став 1, во петтиот ред одозгора, зборот: „извоз" се заменува со зборот: „увоз".

– во став 2 во првиот ред бројката: „18" се заменува со бројката: „19".

7. во точка 17 став 2 се менува и гласи:

„Ако со еден договор, склучен со странски содоговорач, е предвидено плаќањето да се врши во повеќе различни валути, односно увозот да се врши од повеќе земји, односно стоките што се увезуваат да се по потекло од повеќе земји, односно, увозот да се врши на разни паритети, се поднесуваат онолку пријави колку има валути на плаќањето, односно земји на увоз, односно земји на потекло, односно паритети. Сите пријави носат ист број на склученото договор од контролникот на организацијата на здружен труд, а се разликуваат по регистарскиот број што го води надлежната банка".

8. Во точка 19, одредба под 12 во став 1 последната реченица се брише.

– во одредбата под 15, на крајот на став 2 точката и запирката се заменуваат со точка и се додаваат нови ст. 3 и 4, кои гласат:

„Кога е договорен начинот на плаќањето што ја носи ознаката на шифрата од Кодексот на шифрите 04, 05 и 06, второ шифрено поле (матичен број на банката) не се пополнува.

Кога увозот се врши врз основа на одобрението на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, издадено во смисла на Одлуката за условите под кои извозот на стоки и услуги може да се договара со наплата во стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 73/85) во првото шифрено поле на рубриката 15 се запишува шифрата 06 од Кодексот на шифрите;";

– во одребата под 23, на крај на вториот став, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако корисникот на увезените стоки е физичко лице се запишува името, презимето и адресата на престојувалиштето, а во шифреното поле во должина на седум места се запишува шифрата од Кодексот на шифрите на физички лица, според републичката, односно покраинската припадност;";

– во одредбата под 38, по став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„При користењето на кредит земен во смисла на член 2 точка 2 од Законот за кредитните односи со странство, во оваа рубрика се запишува: „стоковниот кредит според член 2 точка 2 од Законот за кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85).

9. Во точка 21 став 2 се менува и гласи:

„За работите на посредување – купување на стоки во странство и нивната непосредна продажба во странство (шифра 17) се поднесува пријава за увозот што се пополнува на начинот пропишан во точка 19 од ова упатство, со тоа што рубриките 10, 12, 28, 31 и 36 не се пополнуваат."

10. Во точка 25, во одредбата под 1, на крај, точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „односно седиштето и земјата на странското лице – испорачувач на стоки во случаите кога со договор е предвиден финансиски влог од кого се врши плаќањето;";

– по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Кога стоките не се увезуваат од земјата на вложувачот на средствата, во рубрика 13 се запишува шифрата и називот на земјата вложувачот."

11. Во точка 27 во одредбата под 2, на крај, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нова реченица, која гласи: „Доколку со договор со странско лице не е предвидено да се вградуваат стоки од домашно потекло, оваа рубрика не се пополнува;";

– одредбата под 4 се менува и гласи:

„4) рубриките 7, 10, 12, 17, 25, 26, 27 и 31 не се пополнуваат";

– по став 4 точката се заменува со запирка, и се додаваат зборовите: „со тоа што во рубриката 35 (Забелешка) на Извозна пријава, се запишува бројот и датумот на пријавата за склученото договор за отстапување на изградба на инвестиционен објект на странски изведувач во Југославија.".

12. Во точка 28, одредбата 3 се брише, а одредбите 4, 5, 6 и 7 стануваат одредби 3, 4, 5 и 6.

13. Во точка 31 одредбата под 2 се менува и гласи:

„2) Рубриките 10, 12, 17, 25, 26, 27, 28 и 31 не се пополнуваат".

14. Во точка 48 во одредбата под 4 на крај, точката и запирката се заменуваат со точка и се додава нов став кој гласи:

„При форма на увозна работа – долгорочна производствена кооперација според која плаќањето и наплатата се врши преку контокорент, оваа рубрика не се пополнува;".

15. Во Кодексот на шифри во поглавјето VI. Намена на увозот, во колоната шифра број: „10" се заменува со бројот: „09".

16. Во Кодексот на шифри, во поглавјето VII. Начин на наплата – плаќање во колоната назив под шифра „06" по зборовите: „увоз на стоки" се додава зборот: „-трампа". Шифрата „08 Размена на соодветни документи" се брише.

По поглавјето XI се додава ново поглавје XII кое гласи:

„XII – ШИФРИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА СПОРЕД РЕПУБЛИЧКА ОДНОСНО ПОКРАИНСКА ПРИПАДНОСТ
1500007 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
2500002 ЦРНА ГОРА
3500004 ХРВАТСКА
4500008 МАКЕДОНИЈА
5500014 СЛОВЕНИЈА
7500009 СРБИЈА (надвор од териториите на САП)
8500002 ВОЈВОДИНА
9500006 КОСОВО"

17. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 67
2 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

663.

Врз основа на член 63 став 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), Сојузниот завод за стандардизација објавува

СПИСОК

НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОВЛАСТЕНИ ЗА АТЕСТИРАЊЕ НА ЧЕЛИЧНИ СРЕДСТВА ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ОТВОРИ ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ЗАСОЛНИШТАТА И ДВОНАМЕНСКИТЕ ОБЈЕКТИ

За атестирање на челични средства за затворање на отвори за движење во засолништата и двонаменските објекти, во смисла на Наредбата за задолжително атестирање на челични средства за затворање на отвори за движење во засолништата и двонаменските објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/85), е овластена Работната организација – Факултет за машинство и бродарство при Сеучилиштето во Загреб, со потполна одговорност, Загреб, Ѓуре Салаја 5.

Бр. 07-04/1-2015/2
17 јуни 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА СОМАЛИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКТРАСКА РЕПУБЛИКА СОМАЛИЈА

I

Се отповикува
Мирко Жариќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Република Сомалија.

II

Се назначува
Драгољуб Контиќ, досегашен советник на претседателот на Сојузниот извршен совет за надворешнополитички прашања, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Република Сомалија.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 20
14 јули 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

За потсекретар во Сојузниот комитет за наука и технологија се назначува Мустафа Бајриќ, шеф на кабинетот на сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа.

С. п. п. бр. 1142
10 јули 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за наука и технологија се назначува Милан Божиќ, генерален секретар на Сојузот на пронаоѓачите на Југославија и началник на служба во Сојузниот завод за петенти.

С. п. п. бр. 1143
10 јули 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за наука и технологија се назначува Јелена Ивиќ, советник на генералниот секретар на Сојузниот извршен совет.

С. п. п. бр. 1144
10 јули 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за наука и технологија се назначува Богиќ Шкепановиќ, раководител на група во Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

С. п. п. бр. 1145
10 јули 1986 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

631. Закон за покритие на курсните разлики по странски кредити — — — — — — — — — — — — 1249
632. Закон за измени и дополненија на Законот за Царинската тарифа — — — — — — — — — — — 1251
633. Закон за измени и дополненија на Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушувањето на единството на југословенскиот пазар во таа област — — — — — — — — — — — — — — — — — 1252
634. Закон за пуштање на лекови во промет — — — 1253
635. Закон за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја — — 1262
636. Закон за измени и дополненија на Законот за воените школи и за научноистражувачките установи на Југословенската народна армија — 1272
637. Закон за дополненија на Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и за утврдување и распоредување на приходот — — — — — — — — — — — — — — 1277
638. Закон за начинот и условите за извршување на обврските по кредитите од меѓународни финансиски организации за кои федерацијата дала гаранција или супергаранција и по кредитите од меѓународни спогодби — — — — — — — 1278
639. Закон за измени и дополненија на Законот за системот на општествената контрола на цените — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1279
640. Закон за дополненија на Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива за средства за заштита на растенијата и за квалитетно сортно семе — — — — — — — — — — — 1249
641. Закон за поврат на средствата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници што привремено се користени за интервенции во стопанството — — — 1280
642. Закон за измени и дополненија на Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд — — — — — — — — — — — — — — 1280
643. Одлука за прогласување на изборот и објавување на составот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1281
644. Одлука за избор на претставник на Собранието на СФРЈ во Одборот за следење на спроведување на Општествениот договор за основите на стратегијата на технолошкиот развој во СФРЈ — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1281
645. Одлука за избор на судии-поротници на Сојузниот суд — — — — — — — — — — — — — — — — — 1282
646. Одлука за претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1986 година — — — — — 1282
647. Одлука за претсметката на приходите на девизните резерви кај Народната банка на Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — 1283
648. Одлука за утврдување на средствата за регрес за квалитетно сортно семе на пченица и маслена репка за есенската сеидба во 1986 година — 1284
649. Одлука за користење на средствата обезбедени за изградба на југословенскиот дел на пругата Титоград–Скадар — — — — — — — — — — — — 1284
650. Одлука за именување на сојузен општествен правобранител на самоуправувањето — — — 1284
651. Одлука за избор на член и заменик на членот на Одборот на следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ — — — — — — — — — — — — — — 1284
652. Одлука за избор на претставник на Собранието на СФРЈ во Координациониот одбор за спроведување на Општествениот договор за единствените основи за класификација на занимањата и стручната подготовка — — — — — 1285
653. Одлука за избор на член и заменик на членот на одборот за следење на спроведувањето на Општествениот договор за основите на заедничката политика во областа на вработувањето и нивното остварување во СФРЈ — — — — 1285
654. Одлука за избор на претставник на Собранието на СФРЈ во Комисијата за воспитување и образование на граѓаните на СФРЈ во странство — — — — — — — — — — — — — — — — — 1285

Страна

655. Одлука за избор на делегати на Собранието на СФРЈ во Советот на општествениот систем на информирањето на СФРЈ и именување членови на тој Совет од редот на научните, стручните и јавните работници — — — — — — — — — — 1285

656. Одлука за потврдување на Одлуката за финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1986 година — — — — — — — — — — — 1286

657. Одлука за давање согласност на Статутот на меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" — — 1246

658. Одлука за измена на Одлуката за износ на дневниците на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ — — — — — — 1286

659. Одлука за измена на Одлуката за износот на месечниот надомест на трошоците за вршење на функцијата — — — — — — — — — — — — — 1287

Страна

660. Заклучоци на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за Извештајот за остварување на политиката на цените — — 1287

661. Наредба за определување на мострите на референтни материјали чиј преглед може да им се додвери на организации на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници — 1288

662. Упатство за измени и дополненија на Упатството за пополнување пријави за склучените договори за надворешно трговски промет — — 1288

663. Список на организациите на здружен труд овластени за атестирање на челични средства за затворање на отвори за движење во засолништа и двонаменски објекти — — — — — — — — — 1290

Назначувања и разрешувања — — — — — — — — — 1290

Укази — 1290

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. - Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ. - Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ тел. 650-155 лок. 35. - Белградски графичко-издавачки завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17